Врз основа на член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/05...167/16 и „ Службен весник на РСМ"бр.151/21 и 03/25) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола"бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измени и дополнувања на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2026 до 2028 година**

Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2026 до 2028 се вршат измени во Планираните расходи на Развојни програми по години од 2026 до 2028 година и истите гласат:

Програмата започнува со реализација во 2026година, а плановите опфатени со неа имат рок за реализрање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2028година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма со измените изнесуваат **2.157.625.889,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **785.365.231,00** денари се определени од буџетот на Општина Битола за 2026год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **1.023.683.981,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2027год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **338.576.677,00** денари се определени од буџетот на Општина Битола за 2028год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот 2026 до 2028год. се вршат измени и дополнување и тоа:

1. Во Буџетската програма **JL – Капитални расходи за други комунални услуги** се вршат следните измени и дополнувања:
- Во JLK – Втора фаза од партерно уредување на просторот околу музејот

(делот зад кулите), во 2027година се додаваат 1.000.000,00ден. заради вредноста на предмер пресметката од проектот.

- Во JLY – Надзор над изведбата, дел од средствата од 2026година се префрлаат во 2027година заради динамика на реализација.

Исто така во оваа буџетска програма се додава една нова Развојна програма и тоа:

- JLY – Надзор над изведбата на Реконструкцијата на кровот со адаптација на кровниот простор на административната зграда на Општина Битола.

2. Во Буџетската програма **JI – Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води** се вршат следните измени и дополнувања:

- Во JIC – Изградба на фекални и атмосферски приклучоци на фекална и атмосферска канализациона мрежа на улици од ДУП за БЛР4 и ДУП за БЛР4 блок2 (улици „150-та", „170-та" и „210-та") Битола, во 2027година се додаваат 1.000.000,00ден., заради потреба од дислокација на канализационен приклучок од приватни парцели.

Распределбата на средствата по години е прикажана во ПРИЛОГ 1 во табелата која е составен дел од оваа програма.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот на Општина Битола, Комисијата за јавни и комунални дејности при Советот на Општина Битола и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола" а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови.

Бр.09-139/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

| Реден број | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2026 во ден. | Износ за 2027 во ден. | Износ за 2028 во ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **JD** | | **Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** | | | |
| 1 | | JDS | Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов“ | MKD 3,617,703.00 | MKD 5,355,162.00 | MKD 0.00 |
| 2 | | JDQ | Реконструкција на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | MKD 100,000.00 | MKD 29,900,000.00 | MKD 45,577,528.00 |
| 3 | | JDZ | Изградба на паркинг простор кај „Овчи Пазар“(коловоз, атм. канал., улично осветлување и сообраќај) | MKD 7,393,032.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 4 | | JDZ | Изградба на паркинг простор кај „Ат Пазар“ (Селска Автобуска) (коловоз, атм. канал., улично осветлување и сообраќај) | MKD 7,081,009.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 5 | | JDB | Изградба на коловоз на улици од ДУП за БЛР4 и дел од ДУП БЛР 4 блок 2 ( „150-та“, „170-та“ и „210-та“) - Битола | MKD 11,285,393.00 | MKD 200,000.00 | MKD 0.00 |
| 6 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Чеде Филиповски“ | MKD 10,526,118.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 7 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Буково | MKD 5,000,000.00 | MKD 4,538,853.00 | MKD 0.00 |
| 8 | | JDG | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Цапари (до ф-ката) | MKD 4,151,809.00 | MKD 1,748,191.00 | MKD 0.00 |
| 9 | | JDI | Реконструкција на коловоз на улица „Никола Тесла“ | MKD 5,500,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 10 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на дел од ул. „Влатко Миленковски“, дел од ул. „Паца Ванчова“ и дел од ул. „Гаврило Принцип“ | MKD 6,456,586.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 11 | | JDM | Изградба на коловоз на улична мрежа во с. Карамани | MKD 100,000.00 | MKD 16,579,352.00 | MKD 0.00 |
| 12 | | JDR | Реконструкција на коловоз на крак1, крак2 и крак3 на улица „Даме Груев“ во нас. Мал Париз | MKD 3,000,000.00 | MKD 2,524,020.00 | MKD 0.00 |
| 13 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај-јужна страна на р.Драгор од спој со ул.Добривоје Радосављевиќ до спој со ул.Свети Наум“ | MKD 13,027,151.00 | MKD 16,160,480.00 | MKD 0.00 |
| 14 | | JDV | Реконструкција на коловоз на улица „7-ма Бригада“ | MKD 5,819,047.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 15 | | JDY | Изградба на коловоз на улица кај Дулие (ЛИДЛ) | MKD 7,087,837.00 | MKD 3,002,918.00 | MKD 0.00 |
| 16 | | JDZ | Изградба на коловоз на дел од улица „СРУ5“ (до спортската сала) | MKD 6,503,696.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 17 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Караорман“ | MKD 100,000.00 | MKD 6,196,062.00 | MKD 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | MKD 60,800,000.00 | MKD 10,200,000.00 | MKD 0.00 |
| 19 | | JDZ | Изградба на инфраструктура на улица СТУ3 во АРМ Четврт 1 | MKD 13,135,851.00 | MKD 4,300,000.00 | MKD 0.00 |
| 20 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Панде Кајзеро“ во Битола | MKD 4,321,758.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 21 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „Ђубојно“, „Мукос“ и „5-та“ | MKD 1,672,931.00 | MKD 1,621,908.00 | MKD 1,900,000.00 |
| 22 | | JDZ | Изградба на коловоз на патот до црквата во с.Крклино | MKD 3,885,200.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 23 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Христо Ботев“ | MKD 5,399,744.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 24 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Леринска“ | MKD 2,000,000.00 | MKD 2,106,439.00 | MKD 0.00 |
| 25 | | JDZ | Изградба на патот до манастирот Св. Меркјури во с. Барешани | MKD 5,321,222.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 26 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Димитар Тодоровски“(11-та) | MKD 2,423,434.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 27 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на локален пат за село Магарево (од трансформатор од с.Трново до граница со НП Пелистер) | MKD 12,369,861.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 28 | | JDZ | Реконструкција на банкини со коцка на локален пат за с.Брусник | MKD 2,500,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 29 | | JDZ | Изградба на коловоз, сообраќајна инфраструктура и улично осветлување на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | MKD 8,482,580.00 | MKD 35,316,002.00 | MKD 0.00 |
| 30 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Бегова чешма“ | MKD 1,678,587.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 31 | | JDP | Реконструкција на коловоз на улица во с.Трново | MKD 100,000.00 | MKD 2,400,000.00 | MKD 0.00 |
| 32 | | JAD | Санација на коловозот на пешачките премини на ул„Солунска“ кај Камен Мост и ул.„Борис Кидрич“ кај Епинал | MKD 100,000.00 | MKD 2,400,000.00 | MKD 0.00 |
| 33 | | JDP | Реконструкција на коловоз на улици во с.Ротино | MKD 5,206,708.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 34 | | JDA | Реконструкција на коловоз на улица „Дебарска“ | MKD 9,045,213.00 | MKD 11,180,853.00 | MKD 0.00 |
| 35 | | JDP | Изградба на коловоз на локален пат во с.Раштани | MKD 10,034,241.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 36 | | JDA | Реконструкција на коловоз на дел од ул.„Васко Карангелевски“ и ул.„Романија“ | MKD 4,518,867.00 | MKD 3,075,469.00 | MKD 0.00 |
| 37 | | JDP | Реконструкција на улици во с.Трн | MKD 7,099,051.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 | | JDP | Реконструкција на улици во с.Братиндол | MKD 4,127,303.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 39 | | JDA | Изградба на комплетна инфраструктура на ул. „Донка Ушлинова“ од ДУП за Даме Груев-урбан блок 18 | MKD 6,488,143.00 | MKD 5,952,570.00 | MKD 10,000,000.00 |
| 40 | | JD0 | Изградба на инфраструктура на улици во АРМ Четврт2 - Сту6, Сту6а, Сту13, Сту14, улици од УП Стрчин | MKD 7,549,729.00 | MKD 24,010,072.00 | MKD 10,000,000.00 |
| 41 | | JDP | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Горно Ореово | MKD 4,189,972.00 | MKD 940,000.00 | MKD 0.00 |
| 42 | | JDT | Реконструкција и изградба на коловоз на ул„Булевар 1-ви Мај“ (кај Стара Треска) | MKD 4,232,755.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 43 | | JDA | Реконструкција на коловоз на ул.„Маркс и Енгелс“ | MKD 3,320,612.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 44 | | JDC | Изградба на коловоз на ул.„Ѓорѓи Димитров“ | MKD 3,280,138.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 45 | | JDC | Изградба на крак од коловоз на ул.„Ѓорѓи Димитров“ | MKD 100,000.00 | MKD 1,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 46 | | JDD | Изградба на коловоз и паркинг на ул.„Браќа Џафрови“ | MKD 100,000.00 | MKD 2,392,354.00 | MKD 0.00 |
| 47 | | JDE | Изградба на инфраструктура на улица Сту5а во АРМ Четврт 1 | MKD 2,128,706.00 | MKD 3,514,824.00 | MKD 0.00 |
| 48 | | JDH | Изградба на комплетна инфраструктура на паркинг на ул.Сту9 во АРМЧетврт3 (коловоз, атм.канал. улично осветлување и сообраќај) | MKD 2,477,930.00 | MKD 4,911,720.00 | MKD 0.00 |
| 49 | | JDJ | Изградба на паркинг простор позади Кифлата (коловоз, улично осветлување и сообраќај) | MKD 4,523,340.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 50 | | JDK | Изградба на паркинг простор кај Хеликоптер (коловоз, атм.канал., и улично осветлување) | MKD 1,844,450.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 51 | | JDN | Изградба на коловоз на дел од ул.„Даме Груев“ во населба Мал Париз (покрај пругата) | MKD 2,548,477.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 52 | | JDF | Основен проект за крстосница со кружен тек на ул.„Македонска фаланга“ и ул.„Македонски Гемиџии“ (коловоз, улично осветлување и сообраќај) | MKD 100,000.00 | MKD 11,812,136.00 | MKD 20,000,000.00 |
| 53 | | JDX | Санација на коловоз на мост на река Драгор кај старата асфалтна база на ГП „Гранит“ | MKD 100,000.00 | MKD 20,000,000.00 | MKD 13,143,879.00 |
| 54 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на ул. „Јорго Костовски“, дел од ул.„Никола Ѓеорѓиевски Никлец“ и дел од ул.„Трајче Магловски“ | MKD 100,000.00 | MKD 3,595,580.00 | MKD 0.00 |
| 55 | | JDZ | Санација и тампонирање на спореден пат од мостот на р.Драгор кај базата на Гранит до мостот на р.Драгор на Новачки пат | MKD 100,000.00 | MKD 1,400,000.00 | MKD 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | | JDZ | Санацијана свлечиште на локален пат за с.Лера | MKD 100,000.00 | MKD 19,000,000.00 | MKD 10,000,000.00 |
| 57 | | JDZ | Изградба на коловоз на улица СрУ5 во АРМ Четврт 2 | MKD 100,000.00 | MKD 17,295,984.00 | MKD 10,000,000.00 |
| 58 | | JDZ | Изградба на коловоз на дел од улица СрУ6а во АРМ Четврт 1 | MKD 100,000.00 | MKD 2,800,000.00 | MKD 0.00 |
| 59 | | JDZ | Изградба на коловоз на улица СрУ5а и П29 во АРМ Четврт 1 | MKD 100,000.00 | MKD 3,200,000.00 | MKD 0.00 |
| 60 | | JDZ | Изградба на коловоз на улична мрежа во с.Кукуречани | MKD 100,000.00 | MKD 14,005,174.00 | MKD 4,005,174.00 |
| | **LA** | | **Спорт и рекреација (капитални трошоци)** | | | |
| 61 | | LAA | Реконструкција на други објекти | MKD 0.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 62 | | LAB | Мултифункционален спортски комплекс (Подготвување на проектна документација) | MKD 200,000.00 | MKD 70,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 63 | | LAN | Изградба на атлетска патека и борилиште на стадион „Петар Милошевски“ | MKD 10,000,000.00 | MKD 80,943,609.00 | MKD 100,000,000.00 |
| 64 | | LAQ | Изградба на велосипедски патеки | MKD 0.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 65 | | LAS | Изработка на физибилити студија и техничка документација за изградба на гондола на потег од с,Дихово до врв Пелистер | MKD 2,000,000.00 | MKD 2,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 66 | | LAR | Изградба на центар за спорт и рекреативни активности | MKD 26,861,722.00 | MKD 14,800,000.00 | MKD 0.00 |
| 67 | | LAP | Санација на јужна трибина на фудбалскиот стадион „Петар Милошевски“ во Битола | MKD 20,200,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 68 | | LAH | Реконструкција на спортско игралишта во УЕ Поранешно Стрелиште | MKD 10,474,273.00 | MKD 16,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 69 | | LAV | Реконструкција на тениско игралиште во Брусничка населба | MKD 100,000.00 | MKD 1,300,000.00 | MKD 0.00 |
| 70 | | LAC | Реконструкција на објект бр.1 (спортска сала) на КП бр.1158,КО Бистрица | MKD 6,000,000.00 | MKD 30,481,856.00 | MKD 0.00 |
| | **JA** | | **Изградба и реконструкција на јавно осветлување** | | | |
| 71 | | JAP | Реконструкција на улично осветлување на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | MKD 100,000.00 | MKD 7,500,000.00 | MKD 7,987,400.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 72 | | JAV | Реконструкција на улично осветлување на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | MKD 6,273,074.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 73 | | JAM | Реконструкција на улично осветлување на улица „Никола Тесла“ | MKD 873,797.00 | MKD 126,203.00 | MKD 0.00 |
| 74 | | JAR | Реконструкција на улично осветлување на улиците „11-ти Март “ и „Панде Николов“ | MKD 1,144,034.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 75 | | JAY | Изградба на улично осветлување на улица СТУ3 во АРМ Четврт1 | MKD 3,112,545.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 76 | | JAX | Изградба на улично осветлување на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | MKD 20,000.00 | MKD 3,269,752.00 | MKD 0.00 |
| 77 | | JAS | Изградба на улично осветлување на улиците „150-та“ ,„170-та“ и „210-та“ | MKD 2,081,142.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 78 | | JAT | Изградба на улично осветлување на паркинг и ул.„Браќа Џаферови“ | MKD 52,888.00 | MKD 211,550.00 | MKD 0.00 |
| 79 | | JAG | Изградба на улично осветлување на ул.„Ѓорѓи Димитров“ | MKD 763,288.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 80 | | JAE | Поставување на електрична инсталација и опрема за енергетско поврзување на репортажни возила во градски стадион „Петар Милошевски“ | MKD 840,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 81 | | JAA | Поставување на електрични инсталации на Јужна трибина во градски стадион „Петар Милошевски“ | MKD 3,800,000.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 82 | | JAB | Изградба на улично осветлување на улица СрУ5 во АРМ Четврт2 | MKD 100,000.00 | MKD 3,100,000.00 | MKD 0.00 |
| 83 | | JAF | Изградба на дел од улично осветлување на улица СтУ6а во АРМ Четврт 1 | MKD 100,000.00 | MKD 325,000.00 | MKD 0.00 |
| 84 | | JAD | Изградба на улично осветлување на улица СтУ5а и П29 во АРМ Четврт 1 | MKD 100,000.00 | MKD 1,100,000.00 | MKD 0.00 |
| | **GD** | | **Енергетика** | | | |
| 85 | | GDA | Гасификација на Општина Битола | MKD 0.00 | MKD 58,000,000.00 | MKD 71,863,200.00 |
| 86 | | GDQ | Батерии за UPS за рефлектори на Градски стадион | MKD 100,000.00 | MKD 5,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 87 | | GDJ | Агрегат за спортска сала Боро Чурлевски | MKD 100,000.00 | MKD 1,100,000.00 | MKD 0.00 |
| 88 | | GDU | Санација и замена на филтри на с-мот за греење во спортска сала „Боро Чурлевски“ | MKD 100,000.00 | MKD 1,900,000.00 | MKD 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | VA | | ***Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца)*** | | | |
| 89 | | VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | MKD 24,474,645.00 | MKD 60,000,000.00 | MKD 0.00 |
| | JI | | **Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води** | | | |
| 90 | | JIN | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Стив Наумов“ | MKD 1,247,819.00 | MKD 1,752,181.00 | MKD 0.00 |
| 91 | | JIJ | Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | MKD 100,000.00 | MKD 9,099,496.00 | MKD 9,099,496.00 |
| 92 | | JIA | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Христо Ботев“ | MKD 2,754,214.00 | MKD 200,533.00 | MKD 0.00 |
| 93 | | JIB | Реконструкција на канализациона мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | MKD 100,000.00 | MKD 6,223,613.00 | MKD 0.00 |
| 94 | | JIC | Изградба на фекална канализациона линија и атм. канал. мрежа на улици од ДУП за БЛР 4 и ДУП за БЛР 4 блок2 (улици „150-та“, „170-та“ и „210-та“) Битола | MKD 1,351,027.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 95 | | JIC | Изградба на фекални и атмосферски приклучоци на фекална и атмосферска канализациона мрежа на на улици од ДУП за БЛР 4 и ДУП за БЛР 4 блок2 (улици „150-та“, „170-та“ и „210-та“) Битола | MKD 4,000,000.00 | MKD 1,100,000.00 | MKD 0.00 |
| 96 | | JIG | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Караорман“ | MKD 1,021,980.00 | MKD 2,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 97 | | JIH | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | MKD 4,700,000.00 | MKD 300,000.00 | MKD 0.00 |
| 98 | | JII | Изградба на фекална канализациона мрежа на улица СТУЗ во АРМ Четврт 1 (со приклучоци) | MKD 500,000.00 | MKD 1,500,000.00 | MKD 0.00 |
| 99 | | JIK | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на улица СТУЗ во АРМ Четврт 1(со приклучоци) | MKD 653,716.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 100 | | JIZ | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Димитар Тодоровски“ (11-та) | MKD 3,827,213.00 | MKD 278,657.00 | MKD 0.00 |
| 101 | | JID | Дислокација на канализациона мрежа на ул.„Јорго Костовски“ | MKD 900,000.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 102 | | JIQ | Изградба на на колектор на локален пат Трново - Магарево (последна фаза до граница со с.Магарево) | MKD 100,000.00 | MKD 14,600,000.00 | MKD 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 103 | | JIX | Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | MKD 8,552,083.00 | MKD 5,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 104 | | JIY | Реконструкција на канализациона мрежа со приклучоци на улица „Бегова чешма“ | MKD 730,666.00 | MKD 53,199.00 | MKD 0.00 |
| 105 | | JIE | Чистење на канал на ул.„Јадранска“ кај ОУ„Климент Охридски“ | MKD 1,276,844.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 106 | | JIM | Реконструкција на канализациона мрежа на ул.„Дебарска“ | MKD 8,204,521.00 | MKD 4,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 107 | | JIR | Реконструкција на канализациона мрежа на дел од ул.„Васко Каранѓелевски“ и ул.„Романија“ | MKD 8,758,420.00 | MKD 637,697.00 | MKD 0.00 |
| 108 | | JIT | Реконструкција на канализациона мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“ (кај стара Треска) | MKD 2,155,441.00 | MKD 156,936.00 | MKD 0.00 |
| 109 | | JIV | Изградба на канализациона мрежа ул.„Донка Ушлиова“ од ДУП за Даме Груев Урбан блок 18 | MKD 2,792,121.00 | MKD 203,293.00 | MKD 0.00 |
| 110 | | JIU | Изградба на канализациона мрежа во АРМ Четврт 2 на ул.„Сту6“, ул.„Сту6а“, „Сту13“, „Сту14“ | MKD 6,151,683.00 | MKD 5,817,737.00 | MKD 5,000,000.00 |
| 111 | | JIW | Изградба на канализациона мрежа ул.„Ѓорѓи Димитров“ | MKD 1,328,955.00 | MKD 96,760.00 | MKD 0.00 |
| 112 | | JIV | Реконструкција на мешовита канализациона мрежа на дел од ул.„Даме Груев“- Мал Париз крак1 и 2 | MKD 4,325,218.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 113 | | JIO | Чистење на дел од Раштанска река и одводнување на земјен пат со изработка на решетка на ул.„Стрежево“ во Г. Оризари (кај поранешен ресторан Елен) | MKD 900,000.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 114 | | JIF | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Чеде Филиповски“ | MKD 500,000.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 115 | | JIL | Изградба на мешовита канализациона мрежа со делумна реконструкција на постоечката канализациона мрежа на дел од ул.„Јорго Костовски“, дел од ул.„Никола Ѓеорѓиевски Никлец“ и дел од ул.„Трајче Магловски“ | MKD 100,000.00 | MKD 8,487,370.00 | MKD 0.00 |
| 116 | | JIP | Премин на атмосферски канализационен испуст преку Стрежевски канал во БЛР4 со реконструкција на фекална канализациона линија на улица во БЛР4 во Битола | MKD 100,000.00 | MKD 1,100,000.00 | MKD 0.00 |
| 117 | | JIE | Изведба на фекален и атмосферски приклучок за градинката кај ОУ„Климент Охридски“ | MKD 100,000.00 | MKD 242,190.00 | MKD 0.00 |
| 118 | | JIU | Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на улица СрУ5 во АРМ Четврт 2 | MKD 100,000.00 | MKD 10,298,868.00 | MKD 3,000,000.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 119 | | JIU | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на дел од улица СрУ6а во АРМ Четврт 1 | MKD 100,000.00 | MKD 1,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 120 | | JIU | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на улица СрУ5а и П29 во АРМ Четврт 1 | MKD 100,000.00 | MKD 400,000.00 | MKD 0.00 |
| | **JG** | | **Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување** | | | |
| 121 | | JGN | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Стив Наумов“ | MKD 100,000.00 | MKD 4,900,000.00 | MKD 0.00 |
| 122 | | JGJ | Изградба на водоводна мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | MKD 100,000.00 | MKD 2,566,057.00 | MKD 3,000,000.00 |
| 123 | | JGC | Реконструкција на водоводна мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | MKD 100,000.00 | MKD 5,449,657.00 | MKD 0.00 |
| 124 | | JGG | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | MKD 3,864,792.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 125 | | JGK | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Христо Ботев“ | MKD 1,416,456.00 | MKD 103,131.00 | MKD 0.00 |
| 126 | | JGQ | Реконструкција на дел од разводна мрежа во с.Трново и с.Магарево | MKD 6,028,334.00 | MKD 71,666.00 | MKD 0.00 |
| 127 | | JGZ | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Димитар Тодоровски“ (11-та) | MKD 844,777.00 | MKD 1,211,194.00 | MKD 0.00 |
| 128 | | JGL | Реконструкција на водоводна линија на патот Битола – с.Поешево-с.Логоварди во с.Поешево | MKD 1,000,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 129 | | JGY | Изградба на водоводна мрежа на улица СТУ3 во АРМ Четврт 1 | MKD 1,900,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 130 | | JGA | Изградба на водводна мрежа на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | MKD 1,379,167.00 | MKD 4,207,654.00 | MKD 0.00 |
| 131 | | JGX | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Бегова чешма“ | MKD 997,438.00 | MKD 72,623.00 | MKD 0.00 |
| 132 | | JGU | Изградба на водоводна мрежа на ул.„СРУ5“ во АРМ Четврт1 (до спортска сала) | MKD 303,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 133 | | JGD | Изградба на водоводна мрежа на улици од ДУП за БЛР 4 и ДУП за БЛР 4 блок2 (улици „150-та“, „170-та“ и „210-та“) Битола | MKD 1,100,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 134 | | JGD | Изградба на водоводни приклучоци и дел од водоводна мрежа на улици од ДУП за БЛР 4 и ДУП за БЛР 4 блок2 (улици „150-та“, „170-та“ и „210-та“) Битола | MKD 4,700,000.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 135 | | JGE | Реконструкција на водоводна мрежа на ул.„Дебарска“ | MKD 4,652,397.00 | MKD 338,734.00 | MKD 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 136 | | JGF | Реконструкција на водоводна мрежа на дел од ул.„Васко Каранѓелевски“ и ул.„Романија“ | MKD 5,732,864.00 | MKD 417,407.00 | MKD 0.00 |
| 137 | | JGM | Изградба на водоводна мрежа на ул.„Донка Ушлиова“ од ДУП за Даме Груев - Урба Блок 18 | MKD 3,000,230.00 | MKD 218,445.00 | MKD 0.00 |
| 138 | | JGO | Изградба на водоводна мрежа во АРМ Четврт 2 на ул.„Сту6“, ул.„Сту6а“, „Сту13“, „Сту14“ | MKD 4,950,344.00 | MKD 4,052,457.00 | MKD 5,000,000.00 |
| 139 | | JGP | Реконструкција на водоводна мрежа на дел од ул.„Даме Груев“- Мал Париз крак 1 и 2 | MKD 4,000,000.00 | MKD 86,509.00 | MKD 0.00 |
| 140 | | JGR | Реконструкција на водоводна мрежа на дел од ул.„Даме Груев“- Мал Париз крак 3 | MKD 1,800,000.00 | MKD 85,289.00 | MKD 0.00 |
| 141 | | JGS | Реконструкција на водоводна мрежа на ул.„Маркс и Енгелс“ | MKD 1,124,817.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 142 | | JGT | Изградба на водоводна мрежа на ул.„Ѓорѓи Димитров“ | MKD 581,045.00 | MKD 42,305.00 | MKD 0.00 |
| 143 | | JGJ | Реконструкција на водоводна мрежа на ул.„Караорман“ | MKD 1,419,098.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 144 | | JGH | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Чеде Филиповски“ | MKD 1,000,000.00 | MKD 300,000.00 | MKD 0.00 |
| 145 | | JGB | Поставување на систем за прскање и хортикултура на улица „8-ми Септември“ | MKD 100,000.00 | MKD 6,600,000.00 | MKD 0.00 |
| 146 | | JGI | Реконструкција на водоводна мрежа на ул.„Јорго Костовски“ - профил1, дел од ул.„Јорго Костовски“ - профил2, и дел од ул.„Трајче Магловски“ - профил3 | MKD 100,000.00 | MKD 5,666,948.00 | MKD 0.00 |
| 147 | | JGX | Изведба на водоводен приклучок за градинката кај ОУ„Климент Охридски“ | MKD 100,000.00 | MKD 370,769.00 | MKD 0.00 |
| 148 | | JGO | Изградба на водоводна мрежа на улица СрУ5 во АРМ Четврт 2 | MKD 100,000.00 | MKD 5,271,943.00 | MKD 4,000,000.00 |
| 149 | | JGO | Изградба на водоводна мрежа на улица СрУ6а во АРМ Четврт 1 ) | MKD 100,000.00 | MKD 400,000.00 | MKD 0.00 |
| | **WA** | | **Изградба на други објекти (Противпожарна заштита)** | | | |
| 150 | | WAA | Изградба на објект на противпожарна единица во АРМ | MKD 10,000,000.00 | MKD 112,349,101.00 | MKD 0.00 |
| | **JL** | | **Капитални расходи за други комунални услуги** | | | |
| 151 | | JLE | Изработка на постамент за поставување на споменикот на Александар Турунџев | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 152 | | JLK | Втора фаза од партерно уредување на просторот околу Музејот (делот зад кулите) | MKD 100,000.00 | MKD 3,300,000.00 | MKD 0.00 |
| 153 | | JLW | Реконструкција на објект бр.1 во с.Кременица | MKD 1,691,940.00 | MKD 422,985.00 | MKD 0.00 |
| 154 | | JLQ | Реконструкција на објект бр.1 во с.Крклино | MKD 3,413,138.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 155 | | JLC | Санација со тампон на просторот околу трафостаницата кај Јужната трибина со потпорен ѕид | MKD 1,300,000.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 156 | | JLF | Ревизија на основен проект за изградба на пречистителна станица во Битола | MKD 2,440,000.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 157 | | JLY | Надзор над изведбата | MKD 3,214,759.00 | MKD 15,418,663.00 | MKD 0.00 |
| 158 | | JLA | Реконструкција на кров со адаптација на кровен простор на административната зградата на Општина Битола | MKD 100,000.00 | MKD 18,900,000.00 | MKD 0.00 |
| 159 | | JLY | Надзор над изведбата на Реконструкцијата на кровот со адаптација на кровен простор на административната зградата на Општина Битола | MKD 300,000.00 | MKD 160,000.00 | MKD 0.00 |
| 160 | | JLD | Реконструкција на тоалети во ОУ„Коле Канински“ | MKD 7,209,847.00 | MKD 300,000.00 | MKD 0.00 |
| | **JF** | | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | | | |
| 161 | | JFK | Поставување на семафори на пешачки премини кај Камен мост и Епинал | MKD 2,900,000.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 162 | | JFH | Поставување на хидраулични столбчиња во Старата Чаршија | MKD 100,000.00 | MKD 1,400,000.00 | MKD 0.00 |
| | **NA** | | **Капитални расходи за основно образование** | | | |
| 163 | | NAA | Реконструкција на фасада – изведба на нова енергетска и ефикасна фасада на ОУ „Стив Наумов“ | MKD 987,273.00 | MKD 0.00 | MKD 0.00 |
| 164 | | NAG | Изградба на типска училишна спортска сала во дворт на ОУ„Стив Наумов“ | MKD 38,312,076.00 | MKD 10,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 165 | | NAD | Изградба на типска училишна спортска сала во дворт на ПООУ„Даме Груев“ во Долно Оризари | MKD 38,312,076.00 | MKD 10,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 166 | | NAZ | Изградба на типска училишна спортска сала во дворт на ОУ„Тодор Ангелевски“ | MKD 38,312,076.00 | MKD 10,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 167 | | NAI | Изградба на спортски игралишта во ОУ„Гоце Делчев“ КП 12422/1 | MKD 9,282,412.00 | MKD 5,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 168 | | NAX | Изградба на спортски игралишта во ОУ„Даме Груев“ | MKD 10,507,414.00 | MKD 5,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 169 | | NAJ | Изградба на спортски игралишта во ПООУ„Коле Канински“ | MKD 876,922.00 | MKD 100,000.00 | MKD 0.00 |
| 170 | | NAL | Изградба на спортски игралишта во ПООУ„Тодор Ангелевски“ КП 418/1 КО Раштани | MKD 7,320,115.00 | MKD 4,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 171 | | NAK | Изградба на спортски игралишта во ОУ„Гоце Делчев“ КП 12450/1 (Турското училиште) | MKD 7,507,339.00 | MKD 4,000,000.00 | MKD 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 172 | | NAW | Изградба на спортски игралишта во ОУ„Тодор Ангелевски“ КП 2498 Битола | MKD 7,928,735.00 | MKD 4,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 173 | | NAO | Реконструкција на спортски игралишта во ОУ „Климент Охридски“ | MKD 13,895,432.00 | MKD 5,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 174 | | NAF | Реконструкција на спортски игралишта во ОУ „Др. Трифун Пановски“ | MKD 100,000.00 | MKD 9,834,002.00 | MKD 6,000,000.00 |
| 175 | | NAU | Реконструкција на спортски игралишта во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ | MKD 100,000.00 | MKD 9,001,446.00 | MKD 9,000,000.00 |
| 176 | | NAB | Реконструкција на објект(В1 образование и наука) 1 на КП 18914 КО Битола 1/2, населба Буковски ливади | MKD 21,470,403.00 | MKD 10,000,000.00 | MKD 0.00 |
| 177 | | NAE | Реконструкција на фасада на училиштето во Буковски Ливади | MKD 100,000.00 | MKD 1,900,000.00 | MKD 0.00 |
| 178 | | NAC | Реконструкција на кровен покривач на објект ООУ „Даме Груев“ - I Фаза | MKD 100,000.00 | MKD 2,600,000.00 | MKD 0.00 |
| | **KA** | | **Капитални расходи во културата** | | | |
| 179 | | KAA | Изградба на објект за Терариум, Зоолошка Градина | MKD 5,994,667.00 | MKD 4,323,773.00 | MKD 0.00 |
| 180 | | KAB | Изградба на објект за Копитари, Зоолошка Градина | MKD 6,634,335.00 | MKD 4,698,600.00 | MKD 0.00 |
| | | | **Вкупно по години:** | **MKD 785,365,231.00** | **MKD 1,023,683,981.00** | **MKD 348,576,677.00** |
| | | | **Сè вкупно:** | **MKD 2,157,625,889.00** | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2026 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2026 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.06.2026 година.

Бр.08-1033/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 39 и 40 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на РСМ” бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), член 22, став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општина Битола („ Службен гласник на Општина Битола”бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата на финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2026 година**

1. Во Програмата на финансирање на изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2026 година се врши измена и дополнување и тоа:

Во **точка 2, се додава:**

- Од заинтересирани физички и правни лица, во **точка 2**:

**2.33 –** ДУП за Четврт Југ 06, Блок Ј.06.01, Општина Битола
**2.34 –** ДУП за Четврт Запад 13, Блок З.13.01, Општина Битола
**2.35 –** ДУП за Четврт Југ 03, Блок Ј.03.07, Општина Битола
**2.36 –** ДУП за Четврт Исток 04, Блок И.04.01, Општина Битола

Во **точка 6, се додава:**

- Од заинтересирани физички и правни лица, во **точка 6**:

**6.43 –** Нов СН 10 (20) кабелски вод низ КП 1242/1, КП 1134/2 и КП 1134/1 и нова ѕидана адаптирана трафостаница 800 kVA, 10(20)/0,4 kV на КП 1134/1 и КП 1134/2 КО Кременица, Општина Битола

2. Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-139/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Стратегијата за воспоставување на интегриран локален систем за поддршка на женското претприемништво во Општина Битола**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Стратегијата за воспоставување на интегриран локален систем за поддршка на женското претприемништво во Општина Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21) а во врска со Програмата за еднакви можности во Општина Битола за 2026 година („Сл. Гласник на Општина Битола"бр.19/25 и 09/26), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Стратегијата за воспоставување на интегриран локален систем за поддршка на женското претприемништво во Општина Битола**

1. СЕ УСВОЈУВА Стратегијата за воспоставување на интегриран локален систем за поддршка на женското претприемништво во Општина Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-139/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Битола**

Се објавува Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и 202/24), член 22 точка 30 и член 64 став 4 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/2005, 17/2008, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), член 37 ставови (1) и (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25 и 252/25) и член 1 став 2 од Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 105/2007, 146/2007, 149/11 и 166/15), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Битола**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1
Со оваа одлука се утврдува внатрешната организацијата на општинската администрација на Општина Битола, видот и бројот на организационите единици, нивната работа, начинот и формата на раководење, како и графички приказ на внатрешната организација на Општина Битола (органограм).

Член 2
(1) Општинската администрација на Општина Битола ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно советот и градоначалникот на Општината.
(2) Општинската администрација на Општина Битола:
- ги подготвува актите за советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за советот и градоначалникот;
- го води сметководството на општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на

состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање ;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на Општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Северна Македонија и
- врши и други работи што ќе и ги определи советот и градоначалникот.
(3) Општинската администрација ги извршува работите во согласност со Уставот, законите, Статутот на Општина Битола и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

Член 3
Внатрешната организација на општинската администрација на Општина Битола се утврдува врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, како и други услови потребни за утврдување на внатрешната организација.

Член 4
Внатрешната организација на општинската администрација на Општина Битола се заснова на следните начела:
-еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна правична застапеност;
-стручност и компетентност;
-управување со ефектот на вработените;
сервисна ориентираност;
-професионална етика, непристрасност и објективност;
-транспарентност и доверливост;
-одговорност;
-спречување на судир на интереси;
-економично користење на средствата.

II. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

Член 5

Во согласност со законските надлежности, видот, обемот, сложеноста на работите и задачите и нивната меѓусебна поврзаност и сродност, во општинската администрација на Општина Битола се формираат сектори и одделенија.

Член 6
Сектор се формира заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја /функции од надлежност на Општината и нејзините органи, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на нивната меѓусебна соработка.

Член 7
Одделение се формира заради непосредно извршување на: нормативно правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управни-надзорни, инспекторски, информативно-документарни, информативно-комуникациски, оперативни, инвестициски, информатичко-технолошки, стручно-административни, помошно-технички и други работи.

Член 8
Проектна единица се формира како одделение заради спроведување на определен проект, на определено време до завршување на проектот.

Член 9
Територијална противпожарна единица на Општината се формира заради вршење на со закон утврдени работи од областа на заштитата од пожари.

Член 10
Општинската администрација на Општина Битола се организира во 10 сектори и 27 одделенија, и тоа:

**1. СЕКТОР ЗА ПРАВНО-НОРМАТИВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ**

- Одделение за правно-нормативни работи
- Одделение за административни работи
- Одделение за јавни набавки

**2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**

- Одделение за буџетска координација
- Одделение за буџетска контрола
- Одделение за сметководство и плаќања
- Одделение за администрирање на приходи

**3. СЕКТОР ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

- Одделение за урбанистичко планирање
- Одделение за спроведување на урбанистички планови

**4. СЕКТОР ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ, ИНФРАСТРУКТУРА И ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

- Одделение за проектна документација и енергетска ефикасност
- Одделение за уредување на градежно земјиште
- Одделение за патен сообраќај

**5. СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЈАВНА ЧИСТОТА И УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

- Одделение за заштита на животната средина и природата
- Одделение за урбано зеленило, јавна чистота и управување со отпад

**6. СЕКТОР ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ**

- Одделение за образование
- Одделение за култура, спорт и млади
- Одделение за социјална, детска, здравствена и цивилна заштита и управување со кризи

**7. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА И МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ И ДЕЛОВНИОТ СЕКТОР**

- Одделение за меѓународна и меѓуопштинска соработка и соработка со граѓанскиот сектор
- Одделение за соработка со деловниот сектор и развојни политики

**8. СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ**

- Одделение за имот и имотно-правни работи
- Одделение за информатички технологии и дигитализација
- Одделение за помошно-технички работи

**9. СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР – ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ**

- Одделение за комунална инспекција и инспекција за домување и животна средина
- Одделение за градежна инспекција и инспекција за патен сообраќај и патишта
- Одделение за инспекција на приходи, туризам, угостителство, образование и спорт

**10. СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

- Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност
- Одделение за ревизија на успешноста во работењето, финансиска ревизија и ревизија на работењето на информациско-технолошките системи

**11. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

**12. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ТППЕ**

III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 11

(1) **Секторот за правно-нормативни и административни работи** ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа, ги подготвува прописите и другите општи акти од надлежност на Советот и градоначалникот, дава стручно мислење за прописите и општите акти во надлежност на Советот и градоначалникот и нивната усогласеност со законите и другите прописи, ги подготвува и организира седниците на советот и неговите комисии, ги подготвува и дистрибуира материјалите за и од седниците на Советот и неговите комисии, се грижи за објавувањето на прописите и другите акти во „Службен гласник на Општина Битола“, ја застапува Општината во судските спорови пред надлежните домашни судови и други органи, ги врши стручно-административните работи за потребите на советот, градоначалникот и општинската администрација, врши работи и надлежности во врска со следење и реализација на планот за јавни набавки, изготвување на одлуки за јавни набавки, објавување на огласи за јавни набавки во Електронскиот систем за јавни набавки, „Службен весник на РСМ“ и во меѓународно службено гласило на ЕУ, согласно одредбите на Законот за јавните набавки, учествува во изготвувањето на тендерските документации за јавни набавки, врши набавки од мала вредност, изготвува договори за јавни набавки, ја советува комисијата при спроведување на постапката за доделување договор за јавна набавка, обезбедува координација и стручна помош на комисиите за јавни набавки, води жалбена постапка пред Државната комисија за жалби по јавни набавки, ја координира својата работа со другите сектори во

рамките на општинската администрација.

(1.1) **Одделението за правно-нормативни работи ги врши следните работи:**

**- изготвува прописи и други општи акти во областите што не се во надлежност на другите сектори;**

**- учествува во изготвувањето на прописите и општите акти од надлежност на другите сектори и задолжително дава мислење за усогласеноста на општите акти, договорите и поединечните акти што тие ги изготвуваат со законите и другите прописи;**

**- дава мислења на органите на Општината и секторите во рамки на општинската администрација во врска со примената на законите и другите прописи;**

**- ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти на Општина Битола со законите и другите прописи и предлага соодветни активности за нивно усогласување;**

**- ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа;**

- го врши приемот на претставките и предлозите од граѓаните за работата на органите на Општината и општинската администарција и го координира доставувањето на образложени одговори на подносителите на претставките и предлозите и доставувањето на претставките и предлозите кои што не се однесуваат на работите од надлежност на Општината до соодветниот надлежен орган;

**- ја застапува Општината во правните работи и спорови пред надлежните домашни судови и други органи;**

**- води регистар на судски и други предмети пред надлежните домашни судови и други органи;**

- ги подготвува и организира седниците на Советот на Општината и неговите комисии;

- ја подготвува предлог програмата за работа на Советот и ја следи реализацијата;

- изготвува текстови на одлуки, заклучоци и други акти од надлежност на Советот и неговите комисии;

- врши номотехничко обликување на актите донесени од Советот;

- ги води записниците од седниците на Советот и извештаите и записниците од седниците на неговите комисии;

- води стенографски белешки од седниците на Советот;

- изготвува прегледи на акти донесени на седниците на Советот и неговите комисии;

- дава стручни мислења во врска со работата на Советот и неговите комисии;

- води евиденција за присуството на членовите на Советот на седниците на Советот и неговите комисии;

- се грижи за објавувањето на прописите и другите акти во „Службен гласник на Општина Битола“;

- доставува материјали од седниците на Советот кои се од надлежност на Општината до градоначалникот и до надлежните одделенија во општинската администрација;

- организира средби и патувања за членовите на Советот.

(1.2) **Одделението за административни работи** ги врши следните работи:

- врши прием и достава на писма и други материјали и пратки;

- го организира вршењето на секретарските работи;

- се грижи за планирање на набавка и распределба на канцелариски и друг потрошен материјал;

- врши електронски прием и заведување на документи;

- врши работи од областа на заштитата на личните податоци;

- врши архивирање на целокупната документација во Општината согласно законските и подзаконските прописи;

- изготвува технички спецификации и поднесува барања за јавни набавки за потребите на одделението;

- обезбедува превод на англиски и други јазици за потребите на градоначалникот, советот и општинската администрација;

- врши лектура на прописите, материјалите, информациите и другите документи за потребите на градоначалникот, советот и општинската администрација;

- организира работни средби и состаноци на градоначалникот;

- ја координира подготовката на материјалите и информациите што му се потребни на градоначалникот за неговите средби и состаноци;

- составува белешки и записници за средбите и состаноците на градоначалникот;

- ги организира работите поврзани со посетите на градоначалникот во странство;

- ги врши протоколарните работи за потребите на градоначалникот;

- организира одбележување на значајни датуми и настани како и доделување на награди;

- ја остварува комуникацијата со медиумите во однос на активностите на органите на Општината и на јавните служби основани од Општината;

- организира прес-конференции, брифинзи и интервјуа за новинарите со градоначалникот;

- подготвува соопштенија за јавноста;

- го координира прибирањето на информациите од одделните сектори во рамки на општинската администрација, советот на Општината и јавните служби основани од Општината;

- оперира со отворената линија за новинари и ги подготвува одговорите на нивните прашања;

- оперира со отворената телефонска линија за граѓаните и го координира подготвувањето на одговорите на нивните прашања со другите сектори во рамки на општинската администрација и јавните служби основани од Општината;

- го организира Отворениот ден за реализација на директните средби на граѓаните со градоначалникот;

- го организира и ги дефинира информациите за веб страницата на Општината;

- спроведува анкети и организира јавни трибини при изготвувањето на определени прописи и стратешки и развојни документи на Општината;

- спроведува анкети за мерење на ставот на граѓаните за определени прашања и проблеми во општината.

(1.3) **Одделението за јавни набавки** ги врши следните работи:

- во законски утврдениот рок, подготвува предлог годишен план за јавните набавки по видови на стоки, услуги и работи;

- извршува работи поврзани со следење и реализација на планот за јавни набавки;

- спроведува анализа на пазарот за конкретната постапка за јавна набавка согласно законските одредби;

- ги прима и води евиденција и регистар на поднесени барања за доделување на договори за јавна набавка од надлежните сектори;

- ги подготвува предлог одлуките за потреба од јавна набавка;

- ги подготвува огласите за јавни набавки и ги објавува во согласност со закон, по поднесено барање за доделување на договор за јавна набавка од надлежен сектор на Општина Битола;

- во координација со надлежните сектори, учествува во подготовката на документацијата за јавни набавки;

- извршува работи поврзани со спроведување на постапките за јавни набавки;

- задолжително учествува во комисиите за јавни набавки;

- спроведува јавно отворање на понуди;

- го води процесот на евалуација на понудите;

- врши проверки на негативни референци на економски оператори;

- подготвува извештаи, записници и други акти во текот на евалуација на постапките и за потребите на комисиите за јавни набавки на Општина Битола;

- закажување и следење на електронска аукција;

- подготвува предлог одлука за избор на најповолен понудувач или одлука за поништување на постапката за јавна набавка;

- го подготвува известувањето за избор на најповолен понудувач и го доставува до сите учесници во постапката;

- дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата за јавна набавка;

- изготвува одговори по жалби поднесени од економските оператори;

- изготвува жалби по решение на Бирото за јавни

набавки при спроведена управна контрола;

- ги ажурира податоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН;

- објавува негативна референца во ЕСЈН согласно со условите од овој закон;

- изготвува задолженија за следење на договорите за јавни набавки;

- го води регистарот на постапките за јавни набавки и ги доставува податоците до Бирото за јавни набавки;

- води евиденција на јавни набавки по видови и постапки и формира посебно досие за секоја јавна набавка.

Член 12

(2) **Секторот за финансиски прашања** ги врши работите поврзани со подготвувањето и извршувањето на буџетот на Општината, управување следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средства во Општината, водењето на сметководството на Општината, врши работи од областа на финансиското управување и контрола (планирање, извршување, мониторинг, и известување), врши работи врз основа на законите и прописите од областа на буџетското работење, финансирањето на единиците на локалната самоуправа, уредувањето на изворите на приходи на Општината Битола, даноците на имот, комуналните такси и другите надоместоци што се приходи на Општината, водењето на сметководството во однос на локалните даноци и таксите, буџетите и буџетските корисници, врши работи од областа на финансиското и материјалното работење, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на општинската администрација.

(2.1) **Одделението за буџетска координација** ги врши следните работи:

- го изготвува буџетскиот календар;

- го координира процесот на изготвување на буџетот, врз основа на добиени предлози од секторите и буџетските корисници на Општина Битола;

- ги координира добиените предлози од секторите за предлог-планот на програми за развој за повеќегодишните проекти на Општина Битола;

- го координира процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот;

- изготвува предлози за прераспределба на средства во буџетот на Општина Битола;

- ја применува законската регулатива од областа буџетското работење;

- дава мислење на предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во Општина Битола и предлог актите на други субјекти, кои имаат или можат да имаат финансиски импликации на буџетот на Општина Битола;

- врши подготвување и одобрување права за трошење со кои се врши распределба на буџетот помеѓу корисниците на буџетот на Општина Битола;

-го координира процесот на развој, воспоставување и спроведување на финансиското управување и контрола;

- дава предлози за воспоставување/укинување на ex-ante финансиска контрола;

- изготвува план за воспоставување на финансиското управување и контрола;

- подготвува извештај на активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;

- врши самопроценка на одделни процеси на системот на финансиското управување и контрола.

(2.2) **Одделението за буџетска контрола** ги врши следните работи:

- врши контрола на извршување на буџетот;

- врши контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на финансиското управување и контрола);

- врши контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврски, како и следење и контрола на преземените обврски од страна на секторите и буџетските корисници;

- ја следи реализацијата на договорите за јавни набавки и спроведува ex – ante и ex- post финансиска контрола;

- во законски утврдениот рок ги подготвува квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот на Општина Битола,

- ја изготвува предлог на годишна сметка на буџетот на Општина Битола;

- го подготвува годишниот извештај;

- го подготвува годишниот финансиски извештај предвиден со закон

- изготвува информации и анализи;

- води буџетско сметководство согласно со закон;

- врши планирање и управување со ликвидноста;

- управува со долгот на Општина Битола;

- ја следи и применува законската регулатива од областа буџетското и финансиското работење и на финансиското управување и контрола.

(2.3) **Одделението за сметководство и плаќање** ги врши следните работи:

- води сметководствената евиденција согласно закон и обезбедува точност и компллетност на сметководствената евиденција;

- врши ex-ante сметководствена контрола на целокупната финансиска документација пред да се изврши плаќање согласно пишани процедури за сметководствените процеси;

- врши навремено и точно евидентирање на обврски кон деловните субјекти;

- навремено изготвување на налози за плаќање и достава до трезорска канцеларија за нивно извршување,

- изготвува излезни фактури, евидентирање и наплата на побарувањата;

- благајничко работење - подигање, прием и исплата на средства (денарски и девизни), водење на евиденција по сите основи за исплата од благајна и водење евиденција за дадени и вратени аванси по вработени и надворешни лица;

- води евиденција и врши пресметка и исплата на плати, задршки од плати и други надоместоци за вработените во општинската администрација на Општина Битола, избраните и именуваните лица во органите на Општина Битола;

- врши сметководствено евидентирање на основните средства;

- врши пресметување на амортизација и ревалоризација;

- врши усогласување на книговодствената состојба на средствата и изворите на средствата со вистинската состојба;

- врши следење на донациите, соработка со надлежните сектори за обезбедување на потребна документација и известување до Управата за јавни приходи согласно законските прописи;

- подготвува годишна сметка, биланс на состојба, биланс на приходи и расходи, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки односно образложение кон финансиските извештаи;

- заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојбата;

- изготвува извештаи за работењето,

- ја следи и применува законската регулатива од областа на сметководственото, материјалното и финансиското работење.

(2.4) **Одделението за администрирање на приходи** ги врши следните работи:

- врши прием на документи за данок на промет на недвижности, наследство и подарок, данок на имот, комунални такси и други надоместоци, закажување на увид за проценка на недвижниот имот со изготвување на записник;

- врши издавање на документи (решенија, договори, уверенија и слично) за данок на промет на недвижности, наследство и подарок, данок на имот, комунални такси и други надоместоци;

- врши наплата на јавни приходи преку ПОС терминали;

- врши утврдување и наплата на данок на промет на недвижности, наследство и подарок, данок на имот, комунални такси и други надоместоци кои се приходи на Општина Битола;

- го води регистарот на недвижен имот и регистарот на подвижен имот и ја усогласува состојбата на регистарот на недвижен имот со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности;

- податоците од состојбите на регистрите на недвижен и подвижен имот во законски утврден рок ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи;

- врши утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, согласно Методологијата за

утврдување на пазарна вредност на недвижен имот;

- утврдува макролокација на зони, согласно извршените продажби во тековната година;

- утврдува фактичката состојба на терен согласно пријавениот имот;

- изготвување на записник, пресметка и извештај за проценетиот недвижен имот;

- изготвување на годишен регистар на продаден и стекнат недвижен имот, согласно Методологијата за утврдување на пазарна вредност;

- води регистри за утврдување и наплата на комуналните такси и другите такси и надоместоци кои се приходи на Општина Битола;

- изготвува опомени за неплатен долг за даноците и таксите и другите надоместоци;

- изготвува решенија за присилна наплата за даноците, таксите и другите надоместоци;

- врши контрола на изготвените опомени и решенија за присилна наплата;

- ја води жалбената постапка и го организира застапувањето на Општина Битола во постапката по заведен управен спор за данок на промет на недвижности, наследство и подарок, данок на имот и за присилна наплата;

- ги следи и ги применува законите и другите прописи од областа на даноците на имот и комуналните такси.

Член 13

(3) **Секторот за урбанистичко планирање и спроведување на урбанистички планови** ги врши работите поврзани со организирање и спроведување на постапката за донесување на генералниот урбанистички план на градот Битола и постапката за донесување на деталните урбанистички планови, утврдување стандарди за поставување на времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на општината Битола, давање на одобренија за поставување времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на општината Битола, уредување на начинот и условите за издавање на документација за изградба на градби - одобренија за градење за градби од високоградбата и инфраструктурата утврдени во закон, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на општинската администрација.

(3.1) **Одделението за урбанистичко планирање** ги врши следните работи:

- го организира изготвувањето на предлог генералниот урбанистички план на градот Битола;

- дава стручно мислење за иницијативите за донесување измена и дополнување на просторниот план на општината Битола и генералниот урбанистички план на градот Битола;

- стручно ги обработува мислењата по нацртите на просторниот план на општината Битола и генералниот урбанистички план на градот Битола;

- ги подготвува мислењата за предлог деталните урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места што ги донесува Општина Битола;

- го изготвува годишниот извештај за состојбите и промените во просторот што се доставува до надлежното министерство;

- дава предлог за утврдување на стандарди за поставување времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на општината Битола;

- ги подготвува програмата за времени објекти и програмата за урбана опрема на подрачјето на Општина Битола;

- изготвува нацрти и предлози на акти, стручно-аналитички, информативни и други материјали од областа на урбанизмот и просторното планирање.

(3.2) **Одделението за спроведување на урбанистички планови** ги врши следните работи:

- издава изводи од план и уверенија за градежен реон;

- врши работи кои се однесуваат на уредување на начинот и условите за издавање на документација за изградба на градби - одобренија за градење на градби од високоградбата и инфраструктурата утврдени во Законот за градење како градби од локално значење во надлежност на Општина Битола, како и за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Битола;

- врши подготовка и стручна анализа на целокупната документација потребна за издавање на одобренија за градење, одобренија за реконструкција и други управни акти, заради доследна примена на законската регулатива;

- врши документирање и управување со постапките

за издавање на одобренија за градење, одобренија за реконструкција и други управни акти за градби утврдени во Законот за градење;

- ги следи, проучува и применува прописите од областа на урбанизмот, градежништвото, градежното земјиште и Законот за општата управна постапка;

- контактира со проектантските, ревидентските и иституциите кои се вклучени во постапката за издавање на одобренија за градење;

- ги контролира и одобрува елаборатите за поставување на времени објекти и урбана опрема;

- изготвува одобренија за поставување на времени објекти и урбана опрема и истите ги проследува до градоначалникот на одобрување;

- контактира со Секторот за финансиски прашања за контрола на уплатените такси и надоместоци.

Член 14

(4) **Секторот за капитални инвестиции, инфраструктура и патен сообраќај** ги врши работите поврзани со реализацијата на програмите за изградба на инфраструктурни и капитални објекти, изградба и одржување на јавното осветлување, водоснабдување и одведување на урбаните отпадни води, изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација, изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање, категоризацијата и именувањето на градските населби, улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сообраќајот, спроведувањето на јавниот општински превоз на патници, авто-такси превозот на патници и издавањето на лиценци и дозволи во областа на превозот во патниот сообраќај во надлежност на Општина Битола, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на општинската администрација.

(4.1) Одделението за проектна документација и енергетска ефикасност **ги врши следните работи:**

- го координира и се грижи за подготвувањето на среднорочниот и долгорочниот план за управување со проектната документација на Општина Битола, во соработка со другите сектори во општинската администрација;

- се грижи за ефикасно, целосно, ажурно и квалитетно водење на проектната документација во Општината Битола (во пишана и електронска форма);

- се грижи за проценување и искажување на вредноста на планираните градби, предлага мерки за проектната документација кои се во интерес на Општина Битола;

- организира, координира и учествува средби со иматели на подземни инфраструктурни инсталации;

- подготвува проектни задачи;

- учествува во изготвување на документација за донации, апликациони фондови и кредити од банки;

- предлага јавни набавки за изготвување на проекти, студии и елаборати;

- контактира со проектантските фирми и ја следи нивната работа, ги поднесува проектите на стручни ревизии, изготвените проекти ги доставува до соодветните одделенија,

- поднесува барања за одобрение за градба до соодветното одделение или министерство;

- ги анализира состојбите во областа на енергетска ефикасност и обновливите извори на енергија од надлежност на Општината и предлага мерки и активности за нивно унапредување;

- учествува во подготовката на програмата за енергетска ефикасност на Општина Битола и годишните планови за реализација на програмата за енергетска ефикасност на Општина Битола и во следењето на нивното спроведување;

- учествува во подготовката на акциониот план за енергетски одржлив развој на Општина Битола и во следењето на неговото спроведување;

- ги следи и анализира состојбите во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија од надлежност на Општината и предлага мерки и активности за нивно унапредување;

- ги следи меѓународните искуства во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија и предлага мерки и иницијативи за нивна примена, односно адаптација на условите во општината Битола;

- одговорно е за организирањето на сите надлежности на Општина Битола во однос на Законот за енергетика;

- иницира идеи и дава предлози за конкретни проекти и активности од областа на енергетиката во надлежност на Општината;

- ја следи и активно учествува во изготвувањето на долгорочната стратегија за развој на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија;

- ги дефинира плановите за реализација на долгорочната стратегија за развој на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија;

- изготвува тези за изработка и учествува во изготвување одлуки и други прописи поврзани со енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија;

- во соработка со надлежниот сектор во рамки на општинската администрација, иницира проекти што ќе се предложат за поддршка од меѓународни, странски и домашни донатори и субјекти и го организира учеството на Општината на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти во областа на делокругот од своето работење.

(4.2) **Одделението за уредување на градежното земјиште** ги врши следните работи:

- ги следи и применува законите и другите прописи од областа на надлежноста на одделението;

- ги следи и ги анализира состојбите во областа на водоснабдувањето, одведувањето и пречистувањето на отпадните води и предлага мерки за нивно унапредување;

- подготвува предлог среднорочна и долгорочна стратегија за развој на водоснабдувањето, одведувањето и прочистувањето на отпадните води во Општина Битола;

- ги следи, изготвува и реализира прописите поврзани со снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на Општина Битола, одведување и пречистување на отпадни води, одведување и третман на атмосферски води, обработка и испорака на технолошка вода;

- обезбедува вршење на работи поврзани со регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови;

- ги следи и анализира состојбите во областа на уредувањето на градежното земјиште и предлага иницијативи за подобрување на сите состојби и решавање на проблемите;

- подготвува предлог годишна програма за уредување на градежно земјиште и ја обезбедува реализацијата на годишната програма за уредување на градежно земјиште;

- подготвува предлог годишна програма за јавно осветлување и ја обезбедува реализацијата на годишната програма за јавно осветлување;

- подготвува предлог годишни програми за капитални инвестирања: изградба, реконструкција и санација на објектите на општината, предлог план за инвестирање на финансиски средства кои не се од развојните програми;

- ги реализира сите градежни објекти од програмата и буџетот за тековната година и подготвува градежна и финансиска документација за објекти од областа на инфраструктурни и капитални објекти;

- учествува во подготовка на проектни задачи;

- изготвува технички спецификации и поднесува барања за јавни набавки за изградба и реконструкција на инфраструктурни и капитални објекти;

- ги следи и учествува во постапките за јавни набавки за изградба и реконструкција на инфраструктурни и капитални објекти;

- ја следи целокупната градба односно реконструкција на инфраструктурни и капитални објекти при што подготвува соодветна техничка документација, градежни книги и технички прием;

- учествува во подготовка на програмата и буџетот за работа на секторот во тековната година;

- изготвува извештаи за програмата и буџетот за изминатата година.

- изготвува информации по задолженија на градоначалникот и советот;

- изготвува извештај за реализацијата на програмите за капитални инвестирања;

- поднесува барање за употребна дозвола согласно Законот за градење;

- врши контрола на изготвени проекти и предмер пресметки за градежни интервенции;

- ја следи реализацијата на градежни активности со увид на лице место, констатира физичка реализација - обем на извршени градежни работи, контрола на квалитет на материјали и контрола на градежни книги и времени ситуации;

- изготвува барања за исплата на времени ситуации/фактури;

- изготвува предлог за надминување на проблем во текот на реализација на градежните активности;

- изготвува одговори по поднесени барања во врска со капиталните инвестирања;

- изготвува прегледи-пресеци за физичката и финансиската реализација за објектите кај кои се вршат интервенции;

- подготвува податоци за тендерска документација за уредување на градежното земјиште;

- врши координација и контрола на градежните работи при уредувањето на земјиштето;

- ја води постапката за обезбедување на потребните согласности и одобренија за уредување на градежното земјиште;

- ги врши подготвителните работи за изработка на проекти за уредување на градежното земјиште;

- ги води работите околу испитување на градежното земјиште од геолошки и технички аспект;

- се грижи за реализацијата на програмата за уредување на градежното земјиште;

- врши пресметка за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште за градба на објекти;

- ја подготвува предлог листата на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и прибавува согласност од Владата на Република Северна Македонија;

- ги подготвува одлуките за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и го организира и следи поставувањето на таблите со имињата на улиците, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и нумерирањето на објектите со броеви;

- издава податоци за бројот на објектот потребни за добивање одобрение за градење;

- ја организира и ја води автоматизираната евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и за броевите за нумерирање на објектите;

- издава уверение за точна адреса врз основа на податоците од автоматизираната евиденција.

(4.3) **Одделението за патен сообраќај** ги врши следните работи

- ги дефинира сообраќајно-техничките услови и ја следи изработката на техничка документација за режим на сообраќај;

- се грижи за планирање на пешачки и велосипедски сообраќај;

- се грижи за развивање, мониторинг и евалуација на имплементација на план за одржлива урбана мобилност;

- врши анализа и подготовка на мислење за студии за процена на влијанието од планираните намени, содржини и градби врз урбаната мобилност;

- развивање и ажурирање на макроскопски транспортни модели;

- проверка и ревизија на макроскопски транспортни модели;

- врши работи од областа на стационарниот сообраќај, како и спроведување на законски и други прописи во областа на стационарниот сообраќај;

- се грижи за законито и квалитетно извршување на работите од областа на стационарниот сообраќај;

- извршува стручно–аналитички активности за развој и усвојување на нови технологии во областа на стационарниот сообраќај;

- учествува во подготвувањето на програмата за изградба, одржување и користење на стационарниот сообраќај (јавни паркиралишта) од значење за Општина Битола и ја следи нејзината реализација;

- изготвува решенија за условите и режимот на сообраќајот на одржување и користење на јавни паркиралишта, кои се од значење за Општина Битола;

- предлага мерки на управувањето со паркирање (планира, ја следи имплементацијата и врши унапредување на системот за управување со паркирање) преку изработка на стратегии, студии и проекти;

- врши контрола над системот на зонско паркирање и дава предлози за организација на стационарниот сообраќај;

- врши анализа на искористеноста и начинот на експлоатација на јавните гаражи и паркиралишта;

- изработува база на податоци за стационарниот сообраќај;

- го анализира транзитниот и стационарниот сообраќај во зона на спортски, културно-забавни и други јавни објекти и предлага адекватни мерки за зголемување на коефициентот на искористеност на паркинг местата;

- учествува во донесување на конкретни решенија по барање на правни и физички лица со анализа на ситуацијата на терен;

- изработува планови за паркирање на товарни возила, меѓуградски и туристички автобуси како и за автобуси од јавниот превоз;

- извршува аналитички активности врз основа на базата на податоци за кои се води посебна евиденција;

- врши работи во врска со изведбата и одржувањето на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема;

- врши подготовка, користење и ажурирање на ГИС за сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничка опрема;

- изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на советот на Општина Битола и дава стручно мислење за изготвените предлог одлуки, одобренија и други прописи, програми и други акти од надлежност на одделението;

- врши работи што се однесуваат на светлосна сообраќајна сигнализација;

- подготвува решенија, мислења и согласности за сообраќајни планови, елаборати и проекти;

- се грижи за безбедноста на сообраќајот и учествува во планирањето и спроведувањето на активности и кампањи за зголемување на безбедноста во сообраќајот;

- врши проценка и унапредување на безбедноста на сообраќајната улична мрежа;

- дава информации за граѓаните при промена или времена промена на режимот на сообраќај;

- прибира податоци и врши обработка на податоци за потребите за издавање на лиценци за општински линиски превоз на патници во Општина Битола, лиценците за авто-такси превоз на патници, дозволите за определена линија за вршење општински линиски превоз на патници и дозволите за посебен линиски превоз на патници за подрачјето на Општина Битола;

- изготвува решенија за одбивање и одземање на лиценците за општински линиски превоз на патници во Општина Битола, лиценците за авто-такси превоз на патници, дозволите за определена линија за вршење општински линиски превоз на патници и дозволите за посебен линиски превоз на патници за подрачјето на Општина Битола;

- решава предмети по приговор на превозниците и корисниците на јавен превоз;

- извршува активности за дефинирање на услови за доверување (дозволи) за јавниот линиски превоз на патници, спроведување на конкурси и договори;

- изработува проектни задачи или технички карактеристики за тендерска документација во постапка за јавни набавки (проекти, студии, набавки и слично);

- изработува акти кои ги донесуваат советотот и градоначалникот на Општина Битола од областа на јавниот локален превоз на патници;

- врши анализа на јавниот линиски превоз на патници во Општина Битола и општините кои гравитираат кон Општина Битола во работата на учесниците во линискиот превоз на патници, ги анализира сообраќајните токови и предлага соодветни мерки за подобрување на мрежата на линии, односно дава предлози за развој и унапредување на линискиот превоз на патници;

- врши контрола на почитувањето на регистарот на линии и возни редови;

- ги следи најновите достигнувања и меѓународните искуства на полето на јавниот линиски превоз на патници и предлага иницијативи и активности за нивната примена во Општина Битола;

- предлага и покренува иницијативи за учество на конкурси и реализација на проекти поддржани од домашни и странски субјекти од областа на сообраќајот и превозот на патници;

- работи на дефинирање на структурата на информациските системи, ги анализира и следи развојните современи процедури за ажурирање и одржување на информацискиот систем како и процедурите за контрола и надзор;

- учествува во изработка на тарифен систем, интегриран систем за наплата и негово иновирање на база на податоците за продадени билети;

- разработува предлози за конкретни проекти и активности за примена на технички иновации и технологија за безбедно одвивање на такси превозот и предлози и решенија за подобрување на авто-такси превозот на патници и врши анализа и дава предлози за унапредувањето на организацијата и вршењето на авто-такси превозот.

- врши анализа на товарниот сообраќај во општина Битола и општините кои гравитираат кон Општина Битола, го анализира режимот на движење на товарниот сообраќај и предлага соодветни мерки за подобрување на веќе постоечкиот режим, односно дава предлози за развој и унапредување на товарниот сообраќај;

- се грижи за законска, квалитетна и навремена подготовка на лиценци, дозволи и одобренија во областа на товарниот сообраќај;

- подготвува материјали за изработка на соодветни акти кои се однесуваат на дозволи за вонреден превоз, одобренија за достава на стока и лиценци за отстранување на оштетени возила и возила во дефект;

- врши прибирање и анализа на податоци потреби за следење на состојбата во областа на сообраќајот и за изготвување на стратешките, плански и програмски документи;

- врши планирање на одржлива урбана мобилност и дава стручни мислења по значајни системски прашања од областа на планирањето на одржлива урбана мобилност;

- покренува иницијативи за учество и реализација на проекти поддржани од домашни и странски субјекти од областа на одржливата урбаната мобилност;

- ги следи најновите достигнувања и меѓународните искуства на полето на планирањето на одржлива урбана мобилност и предлага иницијативи и активности за нивна примена.

Член 15

(5) Секторот за животна средина, јавна чистота и управување со отпад ги врши работите поврзани заштитатата и унапредувањето на животната средина, природата и зеленилото, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење, адаптација и намалување на климатските промени, стратешко планирање во животната средина, одржување и користење на парковите, парк-шумите, спортско-рекреативните зони и другите заштитени подрачја, одржување на зеленилото на јавните и сообраќајни површини, одржување на јавната чистота, одржување на гробиштатата, уловување на животните скитници и управување со отпадот, ја координира својата работа со другите сектори во рамки на општинската администрација.

(5.1) **Одделението за заштита на животната средина и природата** ги врши следните работи:

- ги следи и применува законите и другите прописи од областа на надлежноста на одделението;

- подготвува план за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината, ја организира постапката за учество на заинтересираните субјекти во подготовката и усвојувањето на планот од страна на советот на Општината и го следи неговото спроведување;

- подготвува краткорочен акционен план за заштита на амбиентниот воздух и го следи неговото спроведување;

- ги подготвува годишниот извештај за спроведување на планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината и извештајот за спроведување на краткорочниот акционен план, што се доставуваат до советот на Општината и до надлежното министерство;

- се грижи за објавување на планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината и краткорочните акциони планови за заштита на амбиентниот воздух;

- спроведува постапки за субвенционирање на мерките за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух утврдени во планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината;

- предлага преземање на други мерки за управување со квалитетот на амбиентниот воздух и мерки и активности за подобрување на општата состојба на подрачјето на општината;

- по потреба воспоставува локален мониторинг на амбиентниот воздух;

- воспоставува и одржува катастар на загадувачи на воздух;

- подготвува стратегија за климатски промени и ја следи нејзината реализација;

- спроведува активности и реализира обврски пропишани во Законот за климатска акција;

- предлага мерки за намалување и адаптација на последиците на климатските промени и ја следи нивната имплементација;

- организира изработка и ажурирање на инвентар на стакленички гасови;

- учествува во воспоставување на современ автоматизиран метеоролошко-климатски набљудувачки систем во општината и вршење мезометеоролошки мерења;

- подготвува стратешка карта на бучава на општината и акциски план за намалување на бучавата на општината;

- предлага мерки за заштита од бучава и нејонизирачко зрачење на подрачјето на општината;

- воспоставува и одржува катастар на создавачи на бучава;

- предлага мерки за мониторинг на квалитетот на водата за пиење, како и за спречување на загадувањето на водата за пиење;

- предлага мерки за одрживо користење на изворите на вода за пиење,

- предлага донесување на одлуки за прогласување на заштитни зони на изворите на вода за пиење;

- предлага активности за следење на состојбата на подземните и површинските води наменети за пиење и капење, предлага мерки за намалување и отстранување на ризикот за нивно згадување и соодветни превентивни мерки во согласност со закон;

- предлага означување на водите за капење на подрачјето на општината и предлага мерки за заштита на зоните за капење од загадување и од дејства и активности кои можат негативно да влијаат врз нивниот квалитет;

- воспоставува мониторинг на водите во зоните за капење на подрачјето на општината;

- изготвува и води регистар на бунари за стопански цели во општината;

- предлага активности за следење на квалитетот на отпадните води во рамки на подготвителните работи за изградба на пречистителна станица;

- го следи функционирањето на изградените пречистителни станици;

- предлага мерки и активности за заштита од штетно дејство на водите кое вклучува заштита и одбрана од поплави, одбрана од ерозии и порои, одбрана од замрзнување на површинските води, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејства на водите;

- учествува во изработката на локална програма за заштита од штетно дејство на водите која донесува советот на Општината;

- учествува во изготвување на извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите кои ги донесува советот на Општината;

- предлага мерки за следење на загадувањето на почвите и последиците од тоа загадување и мерки за нивно подобрување;

- предлага и реализира мерки за санација и рекултивација на поранешни депонии;

- предлага и реализира мерки за санација и рекултивација на контаминирани подрачја;

- спроведува активности и реализира обврски пропишани во Законот за почви;

- учествува во идентификација на ерозивните подрачја и подрачјата загрозени од ерозија на подрачјето на општината и на нивните граници и му предлага на советот на Општината да ги определи границите на овие подрачја;

- предлага мерки за заштита на земјиштето од ерозија и порои и го следи нивното спроведување;

- учествува во подготовката на оперативни планови за заштита од поплави;

- стручно ги обработува и дава мислење во постапката на подготовка на развојните стратешки, плански и програмски документи што ги донесува советот на Општината, кои би можеле да имаат значителни ефекти врз водите и почвата;

- ги подготвува предлозите за прогласување на заштитено подрачје;

- ги подготвува плановите за управување со заштитени подрачја со кои управува Општината, по претходно прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата и за нивната реализација доставува годишни извештаи;

- презема активности за заштита, уредување и унапредување на заштитените подрачја што се дадени на управување на Општината , континуирано на годишно ниво;

- стручно ги обработува и дава мислење во постапката на подготовка на развојните стратешки, плански и програмски документи што ги донесува советот на Општината, кои би можеле да имаат значителни ефекти врз природата;

- ги подготвува со закон дефинираните категории податоци заради заштита на природата што мора да се содржат во документите за уредување и користење на просторот;

- изготвува карта на биотопи на подрачјето на општината, учествува во примена на картата на биотопи во процесите на планирање на просторот и се грижи за одржување и ажурирање на картата на биотопи;

- воспоставува и одржува катастар на заштитени подрачја;

- ја спроведува процедурата за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (СОВЖС) за стратегии, планови и програми, кои можат да имаат значително влијание врз животната средина, во случај кога Општината е орган што го спроведува планскиот документ за кој се врши оцената на влијанија;

- ја спроведува постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (ОВЖС) за различни видови проекти кои поради нивниот карактер, обем или локација на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина, во случај кога Општината е орган што го спроведува проектот за кој се врши оцената на влијанија;

- за проекти што се спроведуваат на подрачјето на општината, учествува во процесот на определување на обемот на ОВЖС и дава мислење по студијата за ОВЖС, во случај кога општината е засегната од спроведувањето на проектот за кој се врши оцената на влијанија;

- во рамки на спроведување на процедурата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ) ја спроведува постапката за издавање и изменување на Б-интегрирани еколошки дозволи;

- подготвува стручни мислења до надлежниот орган на државната управа за работите од областа на животната средина во постапката за издавање А-интегрирани еколошки дозволи за инсталации на подрачјето на општината;

- воспоставува и води регистар и база на податоци за инсталации со Б-интегрирани еколошки дозволи и редовно објавува податоци од истите на веб страницата на Општината;

- ја спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина, за активности и дејности за кои не се спроведува оцена на влијанието врз животната средина, а чие одобрување е во надлежност на Општината;

- воспоставува и води регистар и база на податоци за инсталации со одбрени елаборати за заштита на животната средина и редовно објавува податоци од истите на веб страницата на Општината;

- воспоставува, води и одржува интегриран катастар за животната средина кој ги вклучува катастарот на загадувачите на воздухот, водите и на почвата, катастарот на создавачите на бучава, катастарот на создавачите на отпад, катастарот на заштитените подрачја, регистарот на загадувачи и другите катастари утврдени со посебните закони;

- изготвува надворешен план за вонредни состојби врз основа на внатрешните планови за вонредни состојби на операторите кои вршат дејност во производствен, транспортен или во систем за складирање во кој се присутни опасни супстанци во количества поголеми или еднакви на пропишаните гранични вредности;

- изготвува и спроведува стратешки, програмски и плански документи за заштита на животната средина и обезбедување одржлив развој;

- изготвува, донесува и реализира локален еколошки акционен план (ЛЕАП);

- изготвува извештај за состојба на животната средина на подрачјето на општината;

- може да изработи локален стратешки, плански и програмски документ за одржлив рзвој, заради усогласување на економскиот развој, социјалниот напредок и заштита на животната средина и да го предложи за донесување на советот на Општината;

- спроведува активности за проценка на еколошкиот капацитет на општината и предлага мерки во зависност од резултатите на пресметаниот еколошки отисок;

- презема активности кои произлегуваат од членството на општината во мрежата на здрави градови и ја спроведува пропишаната годишна

процедура;

- презема мерки за обезбедување чиста животна средина, здравје и благосостојба на луѓето, во соработка со други сектори на општинската администрација и релевантни институции;

- изготвува годишни програми на активности од областа на животната средина на подрачјето на општината;

- учествува во изготвувањето на национални планови и стратегии од областа на животната средина и планира спроведување на активности од надлежност на Општината, за реализација на тие планови и стратегии;

- ги спроведува активностите за редовно информирање на јавноста за животната средина и го обезбедува спроведувањето на законските одредби за учество на јавноста во прашањата за животната средина и за донесување и спроведување на стратегии, планови, програми и проекти од областа на животната средина;

- ги планира и спроведува активностите за подигање на јавната свест за потребата од заштита на животната средина, поттикнување на едуцирањето на јавноста за заштитата на животната средина и одржливиот развој, преку организирање манифестации, анкети, работилници, обуки и соработува со министерства, општини и здруженија на граѓани;

- изготвува стратешки, плански и програмски документи за управување со отпад како план за управување со отпад, програма за управување со отпад, регионален план за управување со отпад и извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за истите и ја следи реализацијата на донесените плански документи;

- подготвува годишни извештаи за спроведувањето на програмите за управување со отпад и ги доставува истите до органот надлежен за работите од областа на животната средина;

- активно го следи и координира изготвувањето на потребната инвестиционо-техничка документација за реализација на работите од својот делокруг и врши техничко-финансиски надзор со потребни испитувања и обезбедува технички прием на извршените работи;

- ја следи реализацијата на договорите за активностите во надлежност на одделението;

- изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на советот на Општината;

- изготвува предлози на прописи, акти и плански документи од надлежност на советот и градоначалникот во областа на делокругот од своето работење;

- врши оцена на потребите за обуки и предлага насоки за стручно усовршување на вработените во одделението.

(5.2) **Одделението за урбано зеленило, јавна чистота и управување со отпад** ги врши следните работи:

- подготвува програмски и плански документи за обезбедување на заштитната улога на зеленилото на подрачјето на општината;

- следи посебни состојби, како што се: достапност на зелените површини, поврзаноста на зелените површини, оформување на зелени коридори, поврзаност на градското и вонградското зеленило во интегриран систем, разновидноста на хабитатите во градската средина и покрај речните токови, влијанието на загадениот воздух, бучавата, отпадот врз зеленилото и слично;

- применува искуства за користење на заштитната улога на зеленилото за намалување и адаптирање на климатските промени, намалување на загаденоста на воздухот, намалување на бучавата и друго;

- учествува во подготовката и ажурирањето на катастарот на зелените површини (зелен катастар);

- ги следи и ги анализира состојбите во областа на одржувањето и користењето на парковите и зеленилото и предлага мерки за нивно унапредување;

- обезбедува вршење на работи поврзани со одржување, чистење и користење на парковите, зоолошката градина, зеленилото, парк-шумите и рекративните површини на подрачјето на Општина Битола;

- ги следи и ги анализира состојбите во областа на јавната чистота и предлага мерки за нивно унапредување;

- обезбедува вршење на работи поврзани со отстранување и чување на хаварисани возила, уловување на животните скитници, украсување на населените места, одржување на јавните санитарни јазли, изградба и одржување на септички јами;

- ја подготвува предлог одлуката за комунален ред;

- ги подготвува предлог планот за управување со отпадот на Општина Битола, предлог годишните програми за управување со отпадот и годишните извештаи за спроведување на програмата за управување со отпадот;

- предлага проекти и дава предлози за инвестициони зафати за подобрување на општата состојба со управувањето со отпадот;

- ја изготвува одлуката за комунален ред;

- ги следи, изготвува и реализира прописите поврзани со собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад и други видови на неопасен и инертен отпад, одржување на депониите за комунален и друг вид неопасен отпад, одржување на јавната чистота и грижа за напуштениот отпад.

Член 16

(6) **Секторот за јавни дејности** ги следи работите во основното и средното образование во Општина Битола, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлага мерки и активности за нивно унапредување и решавање на проблемите, врши работи поврзани со основањето на основни и средни општински училишта и установи за образование на возрасни, врши работи поврзани со планирањето на финансирањето и учеството на претставниците на Општината во органите на управување во основните и средните општински училишта и установи за образование на возрасни, ги следи состојбите и дава предлози за организација на училишната мрежа на општината, предлага мерки и активности за подигање на нивото на ученичкиот стандард, дава информации и податоци во врска со активностите на Општината во областа на основното и средното образование, обезбедува институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за општината, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и други културни вредности, организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво, одбележување на настани и личности и подигнување на спомен обележја од значење за општината, обезбедување на услови за развој на квалитетен спорт во општината, организирање, поттикнување и помагање спортски манифестации и приредби од значење за општината, изградба и одржување на спортски објекти од значење на општината, остварување на социјална грижа за категории лица определени со закон, управување, основање, финансирање и одржување на јавните општински установи домови за стари слица, преземање мерки за заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, здравствен надзор над животната средина и над заразните болести, помош на пациенти со попреченост, спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на општинската администрација.

(6.1) **Одделението за образование** ги врши следните работи:

- изготвува анализи, информации и извештаи за работите и состојбите во основното и средното образование во Општина Битола;

- подготвува предлог за усвојување на годишната програма за работа и извештајот за реализација на годишната програма на основните и средните општински училишта;

- прибира податоци и прави анализи на предлозите на училиштата за запишување ученици во прва година средно образование;

- подготвува предлог за запишување ученици во основните и средните општински училишта;

- изготвува извештаи за реализација на уписната политика;

- подготвува предлог за формирање паралелки со помал број ученици во основните и средните општински училишта;

- изготвува евиденција за опфатот на децата во основното и средното образование и предлага мерки за подобрување на состојбите;

- ги следи состојбите за опфатот на децата со посебни потреби во системот на основното и средното образование;

- подготвува предлог за прекин на воспитно образовната работа во вонредни состојби;

- изготвување предлози за организација на училишната мрежа на општината;

- покренува иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми во постојните средни општински училишта за задоволување на посебните потреби на општината во согласност со потребите на пазарот на трудот;

- иницира активности за вонаставни активности во основните и средните општински училишта;

- води регистар на основните и средните општински училишта на подрачјето на општината;

- дава стручно мислење по предлозите за основање на основни и средни општински училишта и установи за образование на возрасни;

- работи на давање согласности за нови вработувања на наставен и ненаставен кадар во основните и средните општински училишта;

- подготвува предлог за покренување постапка за престанување со работа на основни и средни општински училишта и установи за образование на возрасни;

- предлага мерки и активности за поддршка и помош на иницијативите за модернизација на училиштата;

- предлага мерки и активности за подобрување на функционалните аспекти на училишните згради и нивото на опременост на основните и средните општински училишта;

- презема активности поврзани до доквалификација и преквалификација на возрасни лица;

- ги следи кадровските, просторните и инфраструктурните состојби на објектите на јавните средни училишта;

- устројува и води база на податоци за кадровската структура на основните и средни општински училишта во функција на реализација на месечните трансфери на средства до училиштата за исплата на плати и надоместоците на плати;

- ги следи состојбите поврзани со финансиските средства за покривање на реалните трошоци и подготвува предлози за распределба на средствата од дотации за тековно одржување на основните и средните општински училишта;

- го подготвува предлогот за усвојување на годишниот финансиски план и предлогот за усвојување на годишните сметки на основните и средните општински училишта;

- спроведува активности за целосно следење на реализацијата на училишните буџети;

- врши работи на пресметка на вкупните трошоци по ученик и по вработен сумарно и за секое училиште одделно (поврзани со висината на цената на образовните услуги);

- устројува и води база на податоци за состојбата на училишните објекти и нивната опременост;

- предлага мерки и активности за рационализација на трошоците за тековно одржување на училиштата;

- врши работи на обезбедување средства за инвестициони зафати во основните и средните општински училишта;

- води постапки за основање, односно престанување со работа на основни и средни општински училишта;

- ги спроведува постапките по огласите за избор на директори на основните и средните општински училишта;

(6.2) **Одделението за култура, спорт и млади** ги врши следните работи:

- подготвува програма за институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за општината;

- подготвува програма за организирање на манифестации од областа на културата од интерес на општината;

- предлага активности во доменот на професионалното, аматерското и младинското делување во областите на изведбените уметности, музичките уметности, визуелните уметности, уметностите на новите медиуми, издавачката и библиотечната дејност, музејската дејност, промоцијата на културното наследство и меѓународната соработка;

- поднесува предлог-проекти за учество на меѓународни јавни повици од областа на културата, организира и реализира меѓународни проекти во надлежност на Општината;

- предлага и подготвува програма за одбележување на настани и личности од значење за општината;

- ја подготвува одлуката за подигање, чување и заштита на спомен обележја и другите прописи од надлежност на Општината;

- иницира и ја спроведува постапката за основање на општински установи од областа на културата;

- подготвува програма за организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на системот на натпревари на ниво на општината во определени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари во општината, системот на манифестации и форми на натпревари и спортски активности кај лица со попреченост, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;

- подготвува програма за развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатени во програмите на спортските и спортско-рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентски спортски систем, спортот за сите и особено спортско-рекреативни активности на лица со попреченост;

- подготвува програма за одржување и изградба на објекти за спорт, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи отворени и затворени спортски објекти;

- го подготвува предлогот за утврдување на мрежата на спортските објекти и нивно класифицирање;

- го подготвува предлогот за определување рекреативни зони за масовно спортување;

- го подготвува предлогот на прописот за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општината;

- извршува анализа и дава насоки по однос на прашањата од областа на младинската политика во општината;

- учествува во извршувањето на анализи и стручно-оперативни работи при разгледување на прашања поврзани со проекти и манифестации од областа на младите во Општина Битола;

- дава иницијативи и ги разгледува прашањата поврзани со организација на едукативно-образовни програми на младите.

(6.3) **Одделението за социјална, детска, здравствена и цивилна заштита и управување со кризи** ги врши следните работи:

- предлага програми за основање, управување, финансирање и одржување на установи за институционална и вонинституционална социјална заштита;

- предлага преземање мерки за заштита на здравјето на работниците и заштита при работа;

- предлага мерки и активности за здравствено воспитување;

- предлага мерки за унапредување на здравјето и превентивни активности;

- предлага мерки за вршење надзор над заразните болести;

- предлага мерки за помош на пациенти со попреченост;

- презема активности за остварување на социјална грижа за лица со попреченост, деца без родители и родителска грижа, жртви на семејно насилство, бездомни лица, стари лица, деца од еднородителски семејства, деца на улица, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати од злоупотреба на дрога и алкохол и други ранливи категории граѓани;

- презема активности за унапредување на здравјето на населението, промовирање на здрави стилови на живеење, подигнување на јавната свест и здравствената култура со цел намалување на опасностите и здравствените проблеми кај граѓаните;

- презема активности за промоција и унапредување на правата на пациентите како и обезбедување стручна и техничка помош во работата на Комисијата за унапредување на правата на пациентите;

- презема активности за поддршка на здравствени сервиси и услуги;

- изготвува стратегии, програми, проекти и правилници од областа на социјалната, детската и здравствената заштита, како и преземање на мерки и активности за унапредување на социјалната, детска и здравствена заштита во општината;

- предлага иницијативи за преземање активности за подобрување на состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата;

- изготвува Процена на загрозеност на општината од природни непогоди и други несреќи и План за заштита и спасување на општината од природни непогоди и други несреќи;

- подготвува годишна акциона програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки за реализирање на Националната стратегија за заштита и спасување;

- ги утврдува обврските на јавните служби основани од Општината заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи;

- дава предлог за висината на средствата потребни за заштита и спасување од буџетот на Општината;

- изготвува Предлог одлука за формирање Општински штаб за заштита и спасување;

- ги координира активностите на јавните служби основани од Општината во врска со заштитата и спасувањето и ја следи нивната подготвеност за активирање во случај на природни непогоди и други несреќи;

- предлага мерки и активности за спречување на настанувањето и за отстранувањето на последиците од природни непогоди и други несреќи и дава предлози и врши работи поврзани со формирањето и подготвеноста на силите за заштита и спасување и дава предлози за нивно ангажирање, за ангажирање на просторните сили или републичките сили за заштита и спасување;

- дава предлог за распределба на хуманитарната помош наменета за настраданото население во општината;

-госледиостварувањетонаакциитезарасчистување на патишта, улици и други инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди и други несреќи;

- врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби, изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативно-аналитички материјали, изготвува предлог - одлуки и други прописи, програми и други акти, анализи, информации и други материјали, стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;

- ги следи прописите од обласа на заштитата и спасувањето, пожарникарството и дава совети на вработените во врска со нивните права, обврски и одговорности;

- изготвува предлог акти од областа на пожарникарството;

- врши истражување на пазар и изготвување на технички спецификации за спроведување на јавните набавки за потребите на ТППЕ.

Член 17

(7) **Секторот за меѓународна и меѓуопштинска соработкаисоработкасограѓанскиотиделовниот сектор** врши работи поврзани со спроведувањето на меѓународната и меѓуопштинската соработка, иницирањето, координацијата и реализацијата на соработката на Општина Битола со збратимените градови, со странски и меѓународни донатори, организации и кредитори, со здруженијата и фондациите на подрачјето на Општината, предлага мерки за поддршка на активностите на здруженијата и фондациите, иницира проекти што ќе се предложат за поддршка од меѓународни, странски и домашни донатори и субјекти и го организира учеството на Општината на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти, предлага, презема и координира активности во врска со реализација на европски и други меѓународни проекти, врши планирање на локалниот развој, предлага развојни и структурни приоритети на ниво на Општина Битола, предлага мерки и активности за водење на локалната економска политика и развојот на малите и средни претпријатија, претприемништвото, се грижи за развојот и исполнувањето на законските обврски од надлежност на Општината во сферата на занаетчиството, угостителството, туризмот и трговијата и особено дава стручно мислење за предлог одлуките со кои се утврдува висината на комуналните такси, висината на локалните даноци, за предлог програмите за изградба и одржување на комуналната и социјалната инфраструктура и другите прописи и програми што имаат влијание врз локалниот економски развој, предлага мерки за развој и поттикнување алтернативен и културен туризам, предлага мерки за подобрување на условите за престој на туристите во Општината и туристичко пропагандно информирање, ја координира својата работа со другите сектори во рамки на општинската администрација.

(7.1) **Одделението за меѓународна и меѓуопштинска соработка и соработка со граѓанскиот сектор** ги врши следните работи:

- ја координира и учествува во реализацијата на меѓународната и меѓуопштинската соработка;

- дава предлози за иницирање или унапредување на соработката на Општина Битола со збратимените градови;

- во координација со другите сектори во рамки

на општинската администарција ги реализира проектите од областа на соработката со збратимените градови на Општина Битола;

- подготвува среднорочна програма за соработка со збратимените градови на Општина Битола;

- ја следи и се грижи за реализацијата на програмите за соработка со збратимените градови;

- ги следи активностите поврзани со европските процеси;

- обезбедува информации за европските политики;

- предлага мерки и активности за изградба на капацитетите на општинската администрација согласно со европското законодавство;

- по потреба организира и учествува на тркалезни маси и конференции поврзани со евроинтегративните процеси;

- координира и се грижи за реализација на активности поврзани со европските проекти во кои е вклучена Општина Битола, преку лесен пристап на информации за европските програми, проекти и иницијативи за заедништвото;

- ја координира и учествува во реализацијата на соработката со странски и меѓународни донатори, организации и кредитори;

- поднесува предлог-проекти за поддршка од меѓународни и странски донатори и субјекти и го организира учеството на Општината на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти;

- иницира, координира и учествува во реализацијата на проектите кои се финансираат со кредити/заеми од странски или меѓународни финансиски организации;

- ја координира работата на проектните тимови за реализација на проектите кои се финансираат од странски и меѓународни донатори и организации и учествува во подготовката на извештаите, евалуациите и друга документација која се поднесува до странските/меѓународни донатори и организации;

- ги следи активностите на здруженијата и фондациите на подрачјето на Општината Битола и ја иницира и координира соработката со нив во областите од надлежност на Општината Битола;

- предлага мерки и активности за поддршка на активностите на здруженијата и фондации;

- дава првично одобрение на предлогот за распределба на средства од буџетот на Општината Битола за поддршка и реализација на проекти од страна на здруженијата и фондациите;

- се грижи за обезбедување на учеството на здруженија и фондации во постапките на подготвување и предлагање на прописи и стратешки и развојни документи од надлежност на Општината Битола.

(7.2) **Одделението за соработка со деловниот сектор и развојни политики** ги врши следните работи:

- подготвува стратегија за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото;

- предлага активности и иницијативи за соработка со претставниците на деловниот сектор и нивните здруженија на ниво на Општина Битола во креирањето на стратешките и развојните документи за мали и средни претпријатија, иновации и претприемништво;

предлага иницијативи за градење на јавно-приватни партнерства;

- води евиденција за работното време на продавниците, магацините, складовите, бензинските станици и деловните простори на подрачјето на Општина Битола;

- во соработка со надлежниот сектор во рамки на оштинската администрација, иницира проекти што ќе се предложат за поддршка од меѓународни, странски и домашни донатори и субјекти и го организира учеството на Општина Битола на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти во областа од надлежност на одделението;

- предлага мерки и активности за развој на занаетчиството и трговијата на подрачјето на Општина Битола;

- подготвува стратегија за негување и развој на старите занаети;

- ги подготвува прописите за определување на работното време на занаетчиските дејности и за определување на местата за продажба на занаетчиските производи;

- води евиденција за извршениот упис на физички лица кои вршат угостителска дејност од помал обем во регистарот што го водат општините на подрачјето на Општина Битола;

- ја изготвува предлог одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти;

- ги подготвува прописите и актите со кои се утврдува земјиштето чија намена е кампирање и земјиштето што е привремено определно за кампирање, се утврдуваат местата за вршење конфекционирани угостителски услуги од физички лица, категоризацијата на објекти за издавање од страна на физички лица и други прописи и акти од надлежности на советот и градоначалникот на Општина Битола во согласност со закон;

- го подготвува предлогот на прописот за утврдување на работното време на зелените пазари за трговија на големо и мало;

- го подготвува предлогот на прописот за утврдување на стоки што може да се продаваат на посебно организирани делови на зелените пазари;

- го подготвува предлогот на прописот за определување на местата на кои може да се врши трговија во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи;

- го подготвува предлогот на прописот за определување на местата на кои може да се врши трговија на мало и давање услуги во трговијата пред продавниците, односно деловни простори со одобрение и одобренијата што ги донесува градоначалникот на Општина Битола;

- води евиденција на пријавите од трговците за исполнување на минимално-техничките услови за деловните простории и простории во кои се врши трговија и за започнување со работа на продажниот или друг деловен објект на трговецот;

- води евиденција за работното време на продавниците, магацините, складовите, бензинските станици и деловните простори на подрачјето на Општина Битола;

- предлага стратегија за развој на туризмот во Општина Битола;

- предлага мерки и дава иницијативи за проекти и активности за развој и поттикнување на алтернативниот и културен туризам;

- предлага годишна програма за општо туристичко пропагандно информирање и подобрување на условите за престој на туристите во Општина Битола и ја обезбедува нејзината реализација;

- води евиденција за извршениот упис на физички лица кои вршат туристичка дејност од помал обем во регистарот што го води Општина Битола, како и за пријавувањето на вршителите на туристичка дејност што започнуваат со работа на подрачјето на Општина Битола;

- ги изготвува одобренијата за вршење угостителска дејност надвор од деловниот објект, на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги (тераси и летни бавчи);

- ја изготвува предлог одлуката за утврдување на надоместок за давање услуги за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор.

Член 18

(8) **Секторот за општи и заеднички работи** води евиденција на недвижниот имот и имотните права и интереси на Општината, ги врши работите за пренесената надлежност на Општината за имот сопственост на државата, ја спроведува постапката за експропријација на недвижен имот заради реализација на работи од јавен интерес од локално значење, ги врши работите поврзани со стратегијата, развојот, унапредувањето, безбедноста и одржувањето на информацискиот систем, географскиот информациски систем (ГИС) и информатичко-комуникациската инфраструктура на Општината, ги врши помошно-техничките работи за потребите на советот, градоначалникот и општинската администрација, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на општинската администрација.

(8.1) **Одделението за имот и имотно-правни работи** ги врши следните работи:

- врши проценки и подготвителни работи за изготвување предлози за експропријација и подготвува предлози за експропријација на недвижности заради реализација на работи од јавен интерес;

- врши одземање на кориснички права;

- остварува соработка со соодветните служби и Управата за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Битола;

- води евиденцијата на недвижниот имот и имотните права и интереси на Општината;

- во соработка со другите сектори во рамки на општинската администрација подготвува среднорочен и долгорочен план за управување со

недвижниот имот на Општина Битола;

- предлага мерки за заштита на недвижниот имот и заштита на имотните права и интереси на Општината;

- ги подготвува одлуките на Советот и договорите за издавање под закуп, продажба и купување на имот на Општина Битола;

- врши работи за пренесената надлежност на Општината за имот сопственост на државата;

- врз основа на предлозите изготвени од другите сектори, учествува во преговорите и ја спроведува постапката за експропријација на недвижности заради реализација на работи од јавен интерес.

(8.2) **Одделението за информатички технологии и дигитализација** ги врши следните работи:

- ги следи меѓународните искуства на полето на примената на новите технологии и модернизацијата на локалната самоуправа;

- предлага и реализира стратегија за развој и унапредување на информацискиот систем на Општина Битола;

- предлага и реализира стратегија за безбедност на информацискиот систем на Општина Битола;

- врши планирање, проектирање и развој на информацискиот систем на Општина Битола;

- планира, развива и одржува информатички проекти и е-сервиси;

- учествува во планирањето, управувањето и реализацијата на меѓународни проекти од областите на информатичкото општество и е-управа;

- обезбедува административна и техничка поддршка и одржување на порталот и веб страницата на Општина Битола;

- предлага и реализира стратегија за развој и унапредување на ГИС на Општина Битола;

- врши планирање, проектирање и развој на ГИС на Општина Битола;

- изготвува и воведува приоритетни ГИС потсистеми;

- планира, развива и одржува ГИС проекти и е-сервиси;

- го организира и поддржува обезбедувањето и одржувањето на информациската основа (геодетска и адресна подлога) на ГИС на Општина Битола;

- обезбедува поддршка во дигитализација и геореференцирање на просторни податоци од интерес за Општина Битола;

- врши координација и размена на просторни податоци со други надлежни органи и институции од интерес на ГИС на Општина Битола и учествува во Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП);

- дефинира и воведува стандарди од интерес на ГИС на Општина Битола;

- учествува во планирањето, управувањето и реализацијата на меѓународни проекти во областа на географските информациони системи;

- предлага и реализира стратегија за развој и унапредување информатичко-комуникациската инфраструктура на Општината;

- врши планирање, проектирање и развој на информатичко-комуникациската инфраструктура на Општината;

- врши организирање, имплементирање и одржување на информатичко-комуникациската инфраструктура на Општината;

- врши системско администрирање на информатичко-комуникациската инфраструктура на Општината;

- обезбедува оптимален режим на работа на информатичко-комуникациската инфраструктура на Општината;

- обезбедува сигурност и заштита на податоците, информациите и документите во информацискиот систем на Општината;

- го дефинира и обезбедува овластеното користење на информацискиот систем на Општината;

- води база на податоци за информатичко-комуникациската опрема, лиценци, гаранции и сервисирање;

- врши работи администраторски работи за регистрирање на интерни корисници, доделување и одземање улоги и привилегии на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), Електронскиот систем за јавно наддавање при располагање со движни и недвижни ствари, Информацискиот систем за градежно земјиште, Информацискиот

систем е-одобрение за градење, Системот за електронски постапки за урбанистички планови и на другите надворешни информациски системи кои ги кориси Општината;

- во соработка со Одделението за управување со човечки ресурси, планира, организира и реализира обука за вработените во општинската администрација за примена на информатичко-комуникациската технологија, за техничката и програмската платформа на која е развиен ГИС на Општина Битола и за користење на ГИС на Општина Битола;

-обезбедува корисничка поддршка за сите корисници на информатичко-комуникациската инфраструктура, информацискиот систем и ГИС на Општина Битола.

(8.3) **Одделението за помошно-технички работи** ги врши следните работи:

- врши обезбедување на службените простории и имотот на Општината;

- врши превоз за потребите на градоначалникот, советот и општинската администрација;

- врши достава на документи интерно во службените простории на Општината и надвор од нив до други институции и лица;

- ја одржува хигиената во службените простории на Општината;

- врши угостителски работи за потребите на органите на Општината;

- врши работи на ситни поправки и одржување во службените простории на Општината.

Член 19

(9) **Секторот за инспекциски надзор – Општински инспекторат** ја координира и организира работата на Општинскиот инспекторат, обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, обезбедува услови за стручно усовршување и специјализирана обука на инспекторите, донесува програмски и извештајни документи, вклучително: стратешки план на инспекциската служба, годишен план за работа на инспекциската служба, годишна програма за специјализирана обука на инспекторите, шестмесечен извештај за работа на секој инспектор, месечен план за работа на секој инспектор и други документи и акти предвидени со закон, обезбедува јавност во работењето на инспекциската служба, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на општинската администрација.

(9.1) **Одделението за комунална инспекција и инспекција за домување и животна средина** ги врши следните работи:

- ги следи законските и подзаконските акти од надлежната област и истите ги применува;

- врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи и општи акти во областа на комуналните работи, домувањето, животната средина и спречувањето на вршење на нерегистрирана дејност, од надлежност на Општината;

- врши надзор над јавните претпријатија основани од Општината и над правните и физички лица на кои Општината им дала дозвола за вршење на комунална дејност, а кои се однесуваат на комуналната хигиена, заштитата на животната средина;

- врши контрола и санкционирање на физички лица од аспект на јавната чистота и други согласно со закон на подрачјето на Општина Битола;

- поднесува пријави до надлежните државни органи при постоење на услови за истите;

- ја следи проблематиката во областите на надлежност на Општината;

- врши анализа на состојбата;

- доставува извештаи и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.

(9.2) **Одделението за градежна инспекција и инспекција за патен сообраќај и патишта** ги врши следните работи:

- ги следи законските и подзаконските акти од надлежната област и истите ги применува;

- врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи и општи акти во областа на градежништвото, патниот сообраќај, патиштата и спречувањето на вршење на нерегистрирана дејност, од надлежност на Општината;

- поднесува пријави до надлежните државни органи при постоење на услови за истите;

- ја следи проблематиката во областите на надлежност на Општината;

- врши анализа на состојбата;

- доставува извештаи и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.

(9.3) **Одделението за инспекција на приходи, туризам, угостителство, образование и спорт** ги врши следните работи:

- ги следи законските и подзаконските акти од надлежната област и истите ги применува;

- врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи и општи акти при утврдувањето и наплатата на даноците на имот, наплатата на комуналните такси и наплатата на таксата за привремен престој;

- врши инспекциски надзор и контрола над примената на законите и другите прописи и општи акти кај вршителите на туристичка и угостителска дејност од мал обем;

- врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи и општи акти кај основните и средните општински училишта;

- врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи и општи акти кај спортските објекти во сопственост на Општината, спортските клубови основани од Општината и локалните спортски натпревари;

- поднесува пријави до надлежните државни органи при постоење на услови за истите;

- ја следи проблематиката во областите на надлежност на општината;

- врши анализа на состојбата;

- доставува извештаи и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.

Член 20

(10) **Секторот за внатрешна ревизија** изготвува упатство за работа на секторот и повелба за внатрешна ревизија, подготвува стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на проценатa на ризикот и по одобрувањето од градоначалникот го обезбедува нивното спроведување и следење, го организира и координира работењето на внатрешната ревизија и врши надзор на нејзиното спроведување, го информира градоначалникот за постоење на сопствен конфликт на интереси при извршување на својата задача, го информира градоначалникот доколку се појави сомнеж за нерегуларности и/или измами кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка, го доставува ревизорскиот извештај до градоначалникот, а доколку ревидираниот субјект е буџетски корисник од втор ред и на неговиот раководител, подготвува годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија, се грижи за квалитетно извршување на внатрешната ревизија и примената на насоките дадени од министерот за финансии, се грижи за евидентирање на ревизорските активности и чување на документите од ревизиите, обезбедува обука на внатрешните ревизори, подготвува и поднесува годишни планови за обука до градоначалникот за нивно одобрување и обезбедува нивна имплементација, ги проценува капацитетите и ресурсите на единицата за внатрешна ревизија на годишно ниво и доставува препораки до градоначалникот за нивната усогласеност со годишниот план за ревизија, го известува градоначалникот за спроведувањето на годишниот план за ревизија и дава објаснување за промените во планот за ревизија, го следи спроведувањето на препораките од извршената ревизија и акционите планови.

(10.1) **Одделението за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност** ги врши следните работи:

- ги следи законските и подзаконските акти од надлежната област и истите ги применува;

- врши внатрешна ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност согласно закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;

- ги следи промените на релевантните закони и тековниот развој на меѓународните и националните прописи во областа на ревизијата и сметководството;

- врши процена на усогласеноста на работењето на субјектот во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори;

- врши темелна процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола;

- го известува раководителот на субјектот за сите ревидирани прашања кај субјектите;

- дава препораки за подобрување на работењето и работните процедури, изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следењето на нивното спроведување;

- изготвува извештаи од извршените ревизии;

- го следи спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи;

- изготвува упатство за работа и го информира раководителот на субјектот за постоење на сопствен конфликт на интереси при извршување на ревизорската задача;

- го известува раководителот на субјектот за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;

- изготвува годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија;

- изготвува план за обука на внатрешните ревизори и ја следење неговата имплементација.

(10.2) **Одделениeто за ревизија на успешноста во работењето, финансиска ревизија и ревизија на работењето на информациско-технолошките системи** ги врши следните работи :

- ги следи законските и подзаконски акти од надлежната област и истите ги применува;

- врши внатрешна ревизија на успешноста во работењето, финансиска ревизија и ревизија на работењето на информационо-технолошките системи, согласно закон и системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;

- ги следи промените на релевантните закони и тековниот развој на меѓународните и националните прописи во областа на ревизијата и сметководството;

- врши процена на економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми на субјектот;

-врши темелна проценка на работењето на информационо-технолошките системи;

- врши процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците;

- дава препораки за подобрување на работењето и работните процедури на субјектот, изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следењето на нивното спроведување;

- изготвува извештаи од извршените ревизи;

- го известува раководителот на субјектот за сите ревидирани прашања кај субјектот;

- го следи спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи;

- изготвува упатство за работа и го информира раководителот на субјектот за постоење на сопствен конфликт на интереси при извршување на ревизорската задача;

- го известува раководителот на субјектот за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;

- изготвува годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија;

- изготвува план за обука на внатрешните ревизори и ја следење неговата имплементација.

Член 21

(11) **Одделението за управување со човечки ресурси** ги врши следните работи:

- го координира и учествува во процесот на изработка на функционална анализа на работните места во општинската администрација;

- подготвува акт за внатрешна организацијата на општинската администрација, како и негови измени и дополнувања и ги доставува на согласност до надлежното министерство;

- подготвува правилник за систематизација на работните места во општинската администрација, како и негови измени и дополнувања и ги доставува на согласност до надлежното министерство;

- изготвува годишен план за вработување и негови измени и дополнувања и извештаи за реализација на планот и ги доставува на согласност до надлежното министерство;

- изготвува предлог одлука за обезбедување на финансиски средства за вработувања на определено време и нејзини измени и дополнувања;

- соработува со агенциите за привремени вработувања;

- ја води и ажурира електронската база на податоци за вработените;

- внесува и ажурира податоци во електронскиот ситем за човечки ресурси ХРМИС;

- ги води персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација;

- изготвува потврди за редовен работен однос и уверенија за бенефициран стаж на вработените во ТППЕ;

- спроведува постапки за вработување преку јавен оглас, унапредување преку интерен оглас и постапки за мобилност на вработените во општинската администрација;

- ги подготвува актите и решенијата за вработување во општинската администрација;

- ги подготвува решенијата за престанок на работен однос во општинската администрација;

- ги пријавува и одјавува во здравствено осигурување во Фондот за здравствено осигурување вработените во општинската администрација и членовите на нивните семејства кои се здравствено осигурани преку вработениот како носител на здравствено осигурување;

- соработува со Агенцијата за администрација и Министерството за јавна администрација во областите од делокругот на работа на одделението;

- соработува со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во рамките на своите надлежности;

- соработува со Агенцијата за вработување заради пријава за вработување или одјава за престанок на работен однос во општинската администрација;

- ги координира дисциплинските постапки и постапките за материјална одговорност согласно законските одредби и изготвува годишен извештај за изречени мерки за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници во општинската администрација и го доставува до надлежното министерство;

- учествува на состаноци на мрежата за управување со човечки ресурси;

- обработува документација за вработените во општинската администрација и изготвува редовни статистички и други извештаи поврзани со персоналната евиденција за вработените во општинската администрација;

- согласно со планот за користење на годишен одмор за вработените во општинската администрација, изготвува решенија за користење на годишен одмор;

- изготвува решенија за користење на платено или неплатено отсуство, решенија за мирување на работен однос, надоместок на трошоци поврзани со работата и други решенија кои произлегуваат од Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и другите законски прописи од областа на работните односи;

- врши работи согласно Закон за безбедност и заштита при работа;

- се грижи за високо ниво на мотивација на вработените, развива политики и упатства за активно промовирање на култура на отворена комуникација и транспарентност во работењето, го поттикнува тимското работење;

- го изготвува кодексот на однесување на вработените во општинската администрација;

- предлага мерки за обезбедување на оптимални услови за работа на вработените;

- го координира процесот на оценување на ефектот на административните службеници во Општината;

- соработува со организационите единици во општинската администрација по прашањата за оценување на административните службеници;

- изготвува решенија за доделување надоместок за успешност во работењето на административните службеници;

- подготвува извештај со ранг листа на годишни оцени за сите административни службеници и го

доставува до надлежното министерство;

- помага при водење на постапките пред Агенцијата за администрација по жалба на постапката за оценување;

- изработува анализи и собира информации за изработка на годишен план за обуки;

- утврдува индивидуален план за стручно усовршување на административните службеници;

- изготвува годишен план за обуки на административните службеници во општинската администрација и го доставува до надлежното министерство;

- изготвува извештаи за реализација на годишниот план за обуки и ги доставува до надлежното министерство;

- подготвува номинации за обуки на вработените;

- при стручното оспособување и усовршување на вработениот по потреба на Општината подготвува договори за регулирање на меѓусебните права и обврски.

Член 22
(12) **Територијалната противпожарна единица на Општината** ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;

- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;

- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;

- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;

- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;

- заедно со другите територијални противпожарни единици на општините во Република Северна Македонија утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на Република Северна Македонија заради оперативно делување при гаснење на големи пожари на целата територија на Република Северна Македонија во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;

- давање на помош кога тоа е побарано при гаснење на пожари во други држави во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;

- водење на посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општината за тоа;

- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица согласно законот и подзаконските акти;

- тековна поправка и одржување на возилата, техниката и опремата;

- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;

- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на Армијата;

- спроведува едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности.

## IV. НАЧИНИ И ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ

Член 23
Со општинската администрација на Општина Битола раководи секретарот на Општината.

Член 24
(1) Со сектор раководи раководител на сектор.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот или раководител на одделение во секторот кој го определува секретарот.

(3) Со одделение раководи раководител на одделение.

(4) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, го заменува стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

(5) Раководителот на Секторот за финансиски прашања за својата работа одговара пред секретарот и градоначалникот.

(6) Секторот за внатрешна ревизија е организациски и функционално независен и директно и единствено одговорен на градоначалникот.

(7) Раководителот на Одделението за управување со човечки ресурси за својата работа одговара пред секретарот.

Член 25

(1) Со Територијалната противпожарна единица раководи командир.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на командирот, со Територијалната противпожарна единица раководи заменик командир.

(3) Со вод раководи командир на вод, а во случај на отсуство или спреченост на командирот на вод, со водот раководи командир на друг вод или командир на одделение кој го определува командирот на ТППЕ.

(4) Со одделение раководи командир на одделение, а во случај на отсуство или спреченост на командирот на одделение, со одделението раководи командир на вод или командир на друго одделение кој го определува командирот на ТППЕ.

Член 26

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува градоначалникот на Општина Битола со Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Битола, по претходно добиена согласност од Министерството за јавна администрација.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Со влегување во примена на оваа одлука престанува да важи Правилникот за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината Битола бр. 09-437/4 од 10.07.2015 година („Службен гласник на Општина Битола" број 9/15).

Член 28

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола, по претходно добиена писмена согласност од Министерството за јавна администрација, а ќе се применува со денот на започнување на примената на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25 и 252/25).

Бр.09-139/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за давање на деловен простор во објект бр.2 на 5 (пет) години во закуп со ЕЈН во с.Ротино, сопственост на Општина Битола**

Се објавува Одлуката за давање на деловен простор во објект бр.2 на 5 (пет) години во закуп со ЕЈН во с.Ротино, сопственост на Општина Битола , донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), член 36, член 37, член 38 и член 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 став (1) точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/15, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на деловен простор во објект бр.2 на 5 (пет) години во закуп со ЕЈН во с.Ротино, сопственост на Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Битола дава деловен простор во објект бр.2 на 5 (пет) години во закуп со ЕЈН што се наоѓаат во с.Ротино, лоциран на КП бр.872/1 и запишани во ИЛ бр.1135 за КО Ротино, во сопственост на Општина Битола и тоа :

- Деловен простор во објект бр.2 со површина од 69 м2

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола со најповолниот наддавач да склучи договор со кој ќе се регулираат правата и обврските на страните на договорот во однос на користењето на деловниот простор во објект бр.2 во с.Ротино, сопственост на Општина Битола.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-139/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање на деловни простори на 4 (четири) години во закуп со ЕЈН во северна трибина од стадион „Петар Милошевски"**

Се објавува Одлуката за давање на деловни простори на 4 (четири) години во закуп со ЕЈН во **северна трибина од стадион „Петар Милошевски"**, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), член 36, член 37, член 38 и член 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 став (1) точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/15, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на деловни простори на 4 (четири) години во закуп со ЕЈН во северна трибина од стадион „Петар Милошевски"**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Битола дава деловни простори на 4 (четири) години во закуп со ЕЈН, кои се наоѓаат на **северната трибина од стадион „Петар Милошевски"**, запишани во Имотен лист бр.95340 за КО Битола 1/2 и лоцирани на КП бр.17579/2 за КО Битола 1/2, со вкупна површина од 2589 $м^2$, сопственост на Општина Битола.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола со најповолниот понудувач да склучи договор со кој ќе се регулираат правата и обврските на страните на договорот во однос на користењето на деловниот простор во **северната трибина од стадион „Петар Милошевски"**, сопственост на Општина Битола.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-139/33 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за давање на деловен простор на користење без надоместок во објект на УЗ „Коле Лачето" на ул.„Партизанска" бб Битола на 5 (пет) години на Здружение на граѓани – Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, подружница 2 – Битола, сопственост на Општина Битола**

Се објавува Одлуката за давање на деловен простор на користење без надоместок во објект на УЗ „Коле Лачето" на ул.„Партизанска" бб Битола на 5 (пет) години на Здружение на граѓани – Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, подружница 2 – Битола, сопственост на Општина Битола , донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола ("Службен гласник на Општина Битола" бр.13/07), член 22 став (1) точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на деловен простор на користење без надоместок во објект на УЗ „Коле Лачето" на ул.„Партизанска" бб Битола на 5 (пет) години на Здружение на граѓани – Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, подружница 2 – Битола, сопственост на Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Битола дава на користење без надоместок на 5 (пет) години на објект во УЗ „Коле Лачето" на ул.„Партизанска" бб Битола на Здружение на граѓани – Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, подружница 2 – Битола, лоциран на КП бр.15855 запишан во ИЛ бр.97393 за КО Битола 3, во сопственост на Општина Битола и тоа :

- Објект со површина од 95 м2

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој ќе се регулираат правата и обврските на страните на договорот во однос на користењето на објектот во УЗ „Коле Лачето" на ул.„Партизанска" бб Битола , сопственост на Општина Битола.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-139/34 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за давање на стан на ул.„Павел Шатев" бр.4/2-19 во Битола на 5 (пет) години во закуп со ЕЈН, сопственост на Општина Битола**

Се објавува Одлуката за давање на стан на ул.„Павел Шатев" бр.4/2-19 во Битола на 5 (пет) години во закуп со ЕЈН, сопственост на Општина Битола , донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/33 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), член 36, член 37, член 38 и член 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 став (1) точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/15, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на стан на ул.„Павел Шатев“ бр.4/2-19 во Битола на 5 (пет) години во закуп со ЕЈН, сопственост на Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Битола дава стан на ул.„Павел Шатев“ бр.4/2-19 во Битола на 5 (пет) години во закуп со ЕЈН, лоциран на КП бр.14836 и запишан во ИЛ бр.26354 за КО Битола 1/2, во сопственост на Општина Битола и тоа :

**Стан бр.19 33 м2**
**Помошни простории 5 м2**
**Балкон/тераса/лоѓија 2 м2.**

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола со најповолниот наддавач да склучи договор со кој ќе се регулираат правата и обврските на страните на договорот во однос на користењето на станот на ул.„Павел Шатев“ бр.4/2-19 во Битола, сопственост на Општина Битола.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-139/35 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за реализација на паркинг простор за товарни возила предвиден во детален урбанистички план за „Урбана Четврт 17”- Битола**

Се објавува Одлуката за реализација на паркинг простор за товарни возила предвиден во детален урбанистички план за „Урбана Четврт 17”- Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/34 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 134 и член 135 од Законот за градење („Службен весник на РМ” бр.130/09, 124/2010… и „Службен весник на РСМ” бр. 244/2019…134/2026), член 22 став 1 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), член 16 став 1 алинеа 1 и член 22 став 1 алинеа 47 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реализација на паркинг простор за товарни возила предвиден во детален урбанистички план за „Урбана Четврт 17”- Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува реализација на паркинг простор за товарни возила на КП бр.17563/2 за КО Битола 1/2, предвиден во детален урбанистички план за “Урбана Четврт 17”- Битола, донесен од страна на Советот на Општина Битола со одлука бр.07-1009/29 на 27.05.2010 година.

Член 2

Изведбата на паркинг простор за товарни возила на КП бр.17563/2 за КО Битола 1/2, сопственост на Република Северна Македонија, која се наоѓа во рамките на ГП бр.18 со намена Е1-Паркинг простор за товарни возила согласно со ДУП за“Урбана Четврт 17”- Битола, ќе се спроведува преку расчистување на градежното земјиште за предвидената намена и отстранување на физичките пречки на земјиштето.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-139/36 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за привремено продолжување на работното време на угостителските објекти по повод Фестивалот Широк сокак во бело – Бела ноќ Битола**

Се објавува Одлуката за привремено продолжување на работното време на угостителските објекти по повод Фестивалот Широк сокак во бело – Бела ноќ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/35 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостетелска дејност („Службен весник на РМ” бр.62/04...71/16 и „Службен весник на РСМ” бр.31/20, 16/25 и 134/26) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за привремено продолжување на работното време на угоситителските објекти по повод Фестивалот Широк сокак во бело – Бела ноќ Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти за 1 (еден) час од претходно законски утврденото на ден 22.08.2026 година.

Член 2

Продолжувањето на работното време е врз основа на барањето од Здружение за култура ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО – Бела ноќ Битола, со цел да се продолжи работното време на кафулињата кои земаат учество на самиот фествал.

Фестивалот Широк сокак во бело – Бела ноќ Битола е предвиден во Годишната Програма за култура на Општина Битола за 2026 година.

Член 3

Со усвојувањето на оваа Одлука да биде известен Државниот инспекторат за труд и Градоначалникот на Општина Битола.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола ”.

Бр 09-139/37 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за привремено продолжување на работното време на угостителските објекти по повод Интернационалниот фестивал на филмската камера Браќа Манаки Битола (ИФФК „Браќа Манаки“Битола)**

Се објавува Одлуката за привремено продолжување на работното време на угостителските објекти по повод Интернационалниот фестивал на филмската камера Браќа Манаки Битола (ИФФК „Браќа Манаки“Битола), донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/36 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостетелска дејност („Службен весник на РМ” бр.62/04...71/16 и „Службен весник на РСМ” бр.31/20, 16/25 и 134/26) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за привремено продолжување на работното време на угостителските објекти по повод Интернационалниот фестивал на филмската камера Браќа Манаки Битола (ИФФК „Браќа Манаки“Битола)**

Член 1

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти за 1 (еден) час од претходно законски утврденото во деновите 20.09, 22.09 и 23.09.2026 година.

Член 2

Продолжувањето на работното време е врз основа на барањето од ИФФК „Браќа Манаки” Битола, со цел да се промовира културата и филмот во неколку битолски кафетерии, да врати Фестивалот на Битолчани.

Член 3

Со усвојувањето на оваа Одлука да биде известен Државниот пазарен инспекторат и Градоначалникот на Општина Битола.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола ”.

Бр 09-139/38 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за прифаќање и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола**

Се објавува Одлуката за прифаќање и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/37 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24), член 44 став 1 од Законот за користење и располагање со

стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на РСМ” бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 точка 47 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), а во врска со член 1 од Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на општина Битола со бр. 57-5457/94 од 14.07.2026 година на Владата на РСМ, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола за потребите на ТППЕ Битола ги прифаќа на трајно користење без надоместок движните ствари и тоа:

| Реден број | Назив и опис на движните ствари | Количина | Номенклатурен број |
|---|---|---|---|
| 1 | ПП Напртњачи | 20 | 7730-0000-0077-7 |
| 2 | ПП Метли | 20 | 7730-0000-0099-6 |

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола ”.

Бр 09-139/39 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање на користење без надоместок недвижна ствар-канцеларија во сопственост на Општина Битола на ФК БАИР СПОРТ Битола**

Се објавува Одлуката за давање на користење без надоместок недвижна ствар-

канцеларија во сопственост на Општина Битола на ФК БАИР СПОРТ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/38 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола (“Службен гласник на Општина Битола” бр.13/07), член 22 став (1) точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење без надоместок недвижна ствар-канцеларија во сопственост на Општина Битола на ФК БАИР СПОРТ Битола**

Член 1

Со оваа Одлука на ФК БАИР СПОРТ Битола му се дава на користење без надоместок канцеларија бр.1 во објектот на УЗ Тодор Ангелевски, која се наоѓа на КП бр.2496 и запишана во ИЛ бр.46265 КО Битола 4, со површина од 20 м2.

Наведената канцеларија да се даде на користење за период од 1 (една) година.

Обврска на ФК БАИР СПОРТ Битола е да ја реновира предметната канцеларија.

Член 2

Се овластува градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на канцеларијата во објектот од член 1 на оваа Одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола ”.

Бр 09-139/40 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Естреја Овадија Мара“ Битола од правното лице НОТИКС ДОО**

Се објавува Одлуката за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Естреја Овадија Мара“ Битола од правното лице НОТИКС ДОО, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/39 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и„ Сл.весник на РСМ„ бр.202/2024 ), а во врска со член 44 став (1) од Закон за користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Естреја Овадија Мара“ Битола од правното лице НОТИКС ДОО**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола прима од Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија , движни ствари и тоа дидактичка опрема за потребите на Градинката ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ со клонови „Пролет“ , „Мајорот“ , „Снегулка“ , „Росица“ , „Колибри“ и „Пролет 1“ на територијата на Општина Битола . Движните ствари се набавени согласно Договор број МК/SSIP#2.1.23/4 склучен на 30.05.2025 година помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади и фирмата НОТИКС ДОО во износ од 145,140.00 мкд со вклучен ДДВ.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука, Општина Битола ги дава на трајно користење без надомест на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ со клонови „Пролет“ , „Мајорот“ , „Снегулка“ , „Росица“ , „Колибри“ и „Пролет 1“ Битола.

Член 3

Се задолжува Општина Битола движните ствари од член 1 во книгата на пописот да внесе податоци на набавената дидактичка опрема во износ од 145,140.00 мкд со вклучен ДДВ и истата сметководствено да ја евидентира .

Член 4

Движните ствари од член 1 ќе се предадат на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" со клонови „Пролет" , „Мајорот" , „Снегулка" , „Росица" , „Колибри" и „Пролет 1" Битола.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола ".

Бр 09-139/41 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Естреја Овадија Мара" Битола (клонови „Пролет" , „Мајорот" , „Снегулка" , „Росица" , „Колибри", „Росица 1",„Колибри 1", „Пролет 1" и „Пинокио")**

Се објавува Одлуката за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Естреја Овадија Мара" Битола (клонови „Пролет" , „Мајорот" , „Снегулка" , „Росица" , „Колибри", „Росица 1",„Колибри 1", „Пролет 1" и „Пинокио"), донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/40 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и„ Сл.весник на РСМ„ бр.202/2024) , а во врска со член 44 став (1) од Закон за користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Естреја Овадија Мара" Битола (клонови „Пролет" , „Мајорот" , „Снегулка" , „Росица" , „Колибри", „Росица 1",„Колибри 1", „Пролет 1" и „Пинокио")**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола прима од Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија , движни ствари и тоа дидактичка опрема за потребите на Градинката ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" со клонови „Пролет" , „Мајорот" , „Снегулка" , „Росица" , „Колибри", „Росица 1",„Колибри 1", „Пролет 1" и „Пинокио" на територијата на Општина Битола . Движните ствари се набавени согласно Договор број МК/SSIP#2.1.23/1 склучен на 28.05.2025 година помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади и фирмата КИДО-ЛЕНД ТРЕЈД ДООЕЛ СКОПЈЕ во износ од 103,330.00 мкд со вклучен ДДВ и Договор број МК/SSIP#2.1.23/2 склучен на 28.05.2025 година помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади и фирмата НОТИКС ДОО во износ од 155,052.00 мкд со вклучен ДДВ.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука, Општина Битола ги дава на трајно користење без надомест на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара"

со клонови „Пролет“ , „Мајорот“ , „Снегулка“ , „Росица“ , „Колибри“, „Росица 1“„Колибри 1“, „Пролет 1“ и „Пинокио“ Битола.

Член 3

Се задолжува Општина Битола движните ствари од член 1 во книгата на пописот да внесе податоци на набавената дидактичка опрема во износ од 103,330.00 мкд со вклучен ДДВ и 155,052.00 мкд со вклучен ДДВ и истата сметководствено да ја евидентира .

Член 4

Движните ствари од член 1 ќе се предадат на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ со клонови „Пролет“ , „Мајорот“ , „Снегулка“ , „Росица“ , „Колибри“, „Росица 1“„Колибри 1“, „Пролет 1“ и „Пинокио“ Битола.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола ”.

Бр 09-139/42 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Мајски Цвет“ Битола од правното лице НОТИКС ДОО**

Се објавува Одлуката за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Мајски Цвет“ Битола од правното лице НОТИКС ДОО, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/41 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и„ Сл.весник на РСМ„ бр.202/2024) , а во врска со член 44 став (1) од Закон за користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Мајски Цвет“ Битола од правното лице НОТИКС ДОО**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола прима од Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија , движни ствари и тоа дидактичка опрема за потребите на Градинката ЈОУДГ „Мајски Цвет“ со клонови „Мајски Цвет“, „Коца Василевска“, „Славејче“„Пеперутка“, „Качунка“ , „Кокиче“ и „Ѕвезички“ на територијата на Општина Битола . Движните ствари се набавени согласно Договор број МК/SSIP#2.1.23/4 склучен на 30.05.2025 година помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади и фирмата НОТИКС ДОО во износ од 169,330.00 мкд со вклучен ДДВ.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука, Општина Битола ги дава на трајно користење без надомест на ЈОУДГ „Мајски Цвет“

со клонови „Мајски Цвет", „Коца Василевска", „Славејче"„Пеперутка", „Качунка" , „Кокиче" и „Ѕвезички" Битола.

Член 3

Се задолжува Општина Битола движните ствари од член 1 во книгата на пописот да внесе податоци на набавената дидактичка опрема во износ од 169,330.00 мкд со вклучен ДДВ и истата сметководствено да ја евидентира.

Член 4

Движните ствари од член 1 ќе се предадат на ЈОУДГ „Мајски Цвет" со клонови „Мајски Цвет", „Коца Василевска", „Славејче"„Пеперутка", „Качунка" , „Кокиче" и „Ѕвезички" Битола.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола ".

Бр 09-139/43 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Мајски Цвет" Битола (клонови „Мајски Цвет" , „Коца Василевска" , „Славејче" , „Качунка" , „Кокиче" и „Ѕвезички")**

Се објавува Одлуката за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Мајски Цвет" Битола (клонови „Мајски Цвет" , „Коца Василевска" , „Славејче" , „Качунка" , „Кокиче" и „Ѕвезички"), донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/42 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и„ Сл.весник на РСМ„ бр.202/2024) , а во врска со член 44 став (1) од Закон за користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на движни ствари од Министерство за социјална политика, демографија и млади РСМ на ЈОУДетска Градинка „Мајски Цвет" Битола (клонови „Мајски Цвет" , „Коца Василевска" , „Славејче" , „Качунка" , „Кокиче" и „Ѕвезички")**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола прима од Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија , движни ствари и тоа дидактичка опрема за потребите на Градинката ЈОУДГ „Мајски Цвет" со клонови „Мајски Цвет" , „Коца Василевска" , „Славејче" , „Качунка" , „Кокиче" и „Ѕвезички" на територијата на Општина Битола . Движните ствари се набавени согласно Договор број МК/SSIP#2.1.23/1 склучен на 28.05.2025 година помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади и фирмата КИДО-ЛЕНД ТРЕЈД ДООЕЛ СКОПЈЕ во износ од 93,312.00 мкд со вклучен ДДВ и Договор број МК/SSIP#2.1.23/2 склучен на 28.05.2025 година помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади и фирмата НОТИКС ДОО во износ од 145,376.00 мкд со вклучен ДДВ.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука, Општина Битола ги дава на трајно користење без надомест на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ со клонови „Мајски Цвет“ , „Коца Василевска“ , „Славејче“ , „Качунка“ , „Кокиче“ и „Ѕвезички“ Битола.

Член 3

Се задолжува Општина Битола движните ствари од член 1 во книгата на пописот да внесе податоци на набавената дидактичка опрема во износ од 93,312.00 мкд со вклучен ДДВ и 145,376.00 мкд со вклучен ДДВ и истата сметководствено да ја евидентира

Член 4

Движните ствари од член 1 ќе се предадат на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ со клонови „Мајски Цвет“ , „Коца Василевска“ , „Славејче“ , „Качунка“ , „Кокиче“ и „Ѕвезички“ Битола.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола ”.

Бр 09-139/44 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.08.2026 год. на Советот на Општина Битола
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за примање на донација за изработка на урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од ДУП за Комплекс Болници Битола, Општина Битола (Изработка на проектна програма и урбанистички проект)**

Се објавува Одлуката за примање на донација за изработка на урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од ДУП за Комплекс Болници Битола, Општина Битола (Изработка на проектна програма и урбанистички проект), донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.08.2026 година.

Бр.08-1033/43 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.08.2026 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и„ Сл.весник на РСМ„ бр.202/2024) , член 7 став (1), член 10 став (1) алинеја 2 од Закон донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06...153/15) и член 22 точка 47 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација за изработка на урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од ДУП за Комплекс Болници Битола, Општина Битола (Изработка на проектна програма и урбанистички проект)**

Член 1

